# ЦРВЕН КРСТ ОХРИД

**Предлог**

# ИЗВЕШТАЈ
# за работа во2022 година

**март2023г**

## ВОВЕД

И во годината што измина бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици, но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвен крст Охрид за да се чувствуваат исполнето и среќно. Особено сме горди што желбата за волонтирање и поддршка на заедниците е секогаш присутна во нашата средина. А со помош на нашите волонтери од сите генерации успеавме да бидеме поблиску до нашите корисници на услуги и сите заедно преку хуманитарната работа градевме доверба, градевме сочувство, мир и толеранција и верба во подобро утре.

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2022 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2022 година.

Годината ја одбележа успешно спроведениот изборен процес во организацијата. Изразуваме голема благодарност за раководната структура која успешно ја водеше организацијата во изминатиот мандат и посакуваме топло добредојде за новата раководна структура.

Црвен крст Охрид преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи и активно продолжи да работи на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците од климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори. Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат.Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравми лицата во трето доба, обезбедувавме поддршка за најмладите, ги помагавме хендикепираните, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницииравме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население.Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина. И уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Нашите постигнувања се поттик за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2022та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид ги реализира своите програмски определби.
2022 година во нашата организација ќе биде обележена како изборна година во која успешно беа спроведени избори за органи и тела на Црвен крст Охрид кои во претстојниот четиригодишен период, мандат 2022-2026, ќе ја водат организацијата. Изборниот процес се одржа на 1ви јуни 2022 година. Во новиот мандат собранието на Црвен крст Охрид брои 19 членови кои доаѓаат од 15 основни организации и од Клубот на млади.Извештајната година ја

оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид во целост ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

**РАКОВОДЕЊЕ**

Во текот на 2022 година беа одржани 13седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид,а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 4 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2023 г.

## ДИСЕМИНАЦИЈА И ПХВ

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

Вотекотнаизвештајнатагодина со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 174 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, СлавицаИлиќ, ВеснаТерзиоска, Христина Кузманоска, Радмила Герасимова и Сара Коваческа.

**НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ**

Под мотото БИДИ ЧОВЕЧЕН го одбележавме 8ми мај, Светскиот Ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

На 8 мај 1828 година е роден Анри Динан, основоположникот на Движењето на Црвениот крст. На овој ден ширум светот националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина преку пригодни активности делуваат на подигање на свеста за значењето на нашите основни принципи и вредности и не’ потсетуваат на потребата од намалување на човековите страдања, зачувување на човековото доистоинство, заштита на животот на луѓето, како и надминување на последиците од вонредни состојби и природни катастрофи.

Во рамки на одбележувањето на Неделата на Црвен крст и Црвена полумесечина(8-15мај) се одржаа неколку активности:

- на 06.05.2022 делегација на Црвен крст Охрид положи свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан во Охрид (пред седиштето на Црвен крст Охрид).

- на 10.05.2022 година се одржа крводарителска акција од 10-14 часот во просториите на Факултетот за туризам и угостителство Охрид наменета за студенти и за сите граѓани

- на11.05.2022 се одржа инфо ден пред дечињата од градинките и сите заинтересирани граѓани каде се промовираат нашите активности. На отворениот инфо ден деца од детската градинка „Јасна Ристеска“ и ученици од ООУ „Климент Охридски“ предводени од своите воспитувачи и наставници ги посетија просториите на Црвен крст Охрид, каде од страна на волонтерите на организацијата преку едукативни содржини се запознаа со делувањето и принципите на движењето на Црвениот крст, со активностите на Црвен крст Охрид и начините како да се постане член и активист на Црвениот крст, каде се негуваат и развиваат високо етичките и морални вредности, хуманоста и солидарноста.

- на 21.05.2022 се организираше голема хуманитарна продажна акција, а собраните средствата беа донирани за деца од социјално загрозени семејства и мигранти од Украина

**Дисеминациска сесии**

- Дисеминациска сесија за нови волонтери - После спроведената online кампања преку која се регрутираа околу 20 нови волонтери, на 02.02.2022 г. во просториите на Црвен крст Охрид се одржа општа дисеминација на која тие се запознаа со светското движење на Црвен Крст и Црвена Полумесечина.Нашата цел беше прием на новите волонтери, вовед во организацијата и презентирање на можностите за заинтересираните млади.Дисеминатори на оваа работилница беа волонтерите од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Радмила Герасимова и Сара Коваческа.Предавањето беше преку најразлични методи и енергични игри, и преку него 20 нови волонтери се запознаа со нашето движење, мисија и принципи.Овие нови млади капацитети се потенцијални носители на идните хуманитарни активности!

- Дисеминациска сесија со негователи на стари лица и лица со попреченост- На ден 16.02.2022 година од страна на дисеминаторот Славица Илиќ во просториите на Црвен крст Охрид се одржа дисеминациска сесија со негователите на стари лица и лица со попреченост кои се дел од Нега центарот при Црвен крст Охрид.
- Дисеминациска работилница со Еразмус+ клубот од ООУ „Ванчо Николески“- Во рамки на активностите од Еразмус+ проектите, а во соработка со Црвен крст Охрид, ученици од Еразмус+ клубот при ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охридна ден 10.03.2022 година, беа во посета на Црвен Крст Охрид. Со учениците од VII и IX одделение беше реализирана интерактивна дисеминациска работилница, преку која тие имаа можност да се запознаат со Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, со принципите, со значењето на амблемот, како и со активностите што ги спроведува оваа организација на национално и локално ниво. Посебен акцент беше ставен на волонтерите и волонтирањето, како клучен фактор за успешно реализирање на сите активности на Црвен крст и помагање таму каде што е најпотребно. Учениците поставуваа прашања, а најмногу беа заинтересирани за мотивот за волонтирање, карактеристиките на волонтерот како личност, како и нематеријалните придобивки на личен и професионален план што ги стекнува волонтерот во процесот на волонтирање. Исто така, учениците имаа можност да се запознаат со просторните, човечките и другите капацитети со кои располага оваа општинска организација, како и со можностите за нивно вклучување во волонтерските редови. Овие активности се во насока на поттикнување на хуманоста кај учениците, почит кон другите, разбирање и толеранција на различните од нив и помагање онаму каде што е потребно.
- Дисеминациска сесија за нови волонтери - Една од активностите на редовните состаноци од Клуб на млади при Црвен Охрид  е дисеминација на нови волонтери.На овие состаноци, ги запознаваме новите волонтери со приказната за Црвениот крст, нашата мисија, принципите кои не' обединуваат, правилата и обврските на еден волонтер.Дисеминатор на оваа сесија која се одржа на 20.07.2022 година беше долгогодишниот волонтер од Клуб на млади, Радмила Герасимова.Ваквите состаноци се почетоците на успешно волонтерство!
- Општа дисеминација за нови волонтери - Во текот на месец септември, со почетокот на новата учебна година, новото координативно тело на Клубот на млади при Црвен крст на Република Северна Македонија- Општинска организација Охрид изврши регрутација на нови волонтери во средните училишта во градот. Поради големиот интерес од страна на младите за волонтирање по регрутацијата и последните активности на клубот, особено оние од Неделата на млади, направивме кратка дисеминација сесија за подетално запознавање со нашето движење. 40 волонтери беа информирани и запознати со поимот волонтер и можностите на волонтерите, со движењето на Црвен крст и клубот на млади и со историјата на Црвениот крст.Дисеминациската сесија беше одржана од страна на долгогодишниот волонтер Радмила Герасимова. Се надеваме дека и во иднина интересот за волонтирање помеѓу младите ќе биде причина за многу нови активности на клубот на млади
- Дисеминациска сесија со ученици од ОУ “Григор Приличев” од н.Рача - По повод Меѓународниот ден на волонтерите 5 декември, во просториите на Црвен крст Охрид на иницијатива поттикната од Ученичкиот парламент, од страна на дисеминаторот Христина Кузманоска се одржа презентација на 33 ученици од V до IX одделение под менторство на педагогот од Основното подрачно училиште „Григор Прличев“ од н.Рача, Охрид, на тема „Волонтерство – значење и предности“.Презентирани беа материјали за историјатот на движењето, основни принципи, Програмите при Црвен крст Охрид (здравствено-превентивни програми, социјално-хуманитарна дејност, подготвеност и дејствување при катастрофи, дисеминација) како и волонтерство (што претставува волонтерство, волонтер, волонтер-член и локален план). Од страна на учениците беше покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии, како и заинтересираност за да постанат волонтери на нашата организација.
- Дисеминација за членови на Собранието на Црвен крст Охрид - На 21.12.2022, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа дисеминациска сесија за членовите на Собранието на Црвен крст Охрид.Во текот на сесијата, учесниците се запознаа со историјата и со основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, за улогата на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и

Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, за активностите на националните друштва, за дејствувањето на Црвен крст Охрид итн. Дисеминациската сесија ја одржаа Весна Терзиоска, потпретседател на Црвен крст Охрид и Љупчо Милкоски, долгогодишен волонтер на Црвен крст Охрид.

**ЦКА-ПХВ 2022**

Црвен крст во акција- промоција на хумани вредности  повторно во општинските организации на Црвениот крст!

Поради ситуацијата со епидемијата со вирусот Ковид-19, две години една од  најважните алатки за регрутирање нови волонтери- ПХВ програмата немаше можност да се реализира во оштинските организации во нашата држава. Оваа година, почитувајќи ги протоколите за заштита од Ковид-19, 20 младинци од секој град ја имаат можноста да бидат ПХВ младинци и да создаваат проекти ки ќе бидат корисни за заедницата и ќе им помогнат да стекнат подобри вештини и знаење. Во Црвен крст Охрид се оддржаа трите ПХВ обуки, каде младинците го добија првичното знаење за ПХВ програмата и за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Сега младинците се спремни да излезат на терен, да ги реализираат своите идеи и да стават насмевка на многу лица.

Циклусот започна со три работилници на кои дисеминаторите Теа Петковска и Љубица Јованоска ги припремија ПХВ младинците за тоа како да излезат на терен и да изработат свој мал проект. Во рамките на овој ЦКА – ПХВ циклус успешно се завршени четири проекти и  22 обучени ПХВ младинци.

**Финален настан – ЦКА-ПХВ 2022**

Заврши уште еден циклус од програмата ЦКА - ПХВ и за волонтерите од Клубот на млади на Црвен крст Охрид. ЦКА - ПХВ е национална програма која веќе 26 години се имплементира во Македонија и им нуди на младите можност да се надоградуваат себеси и да прават проекти кои се во корист на заедницата.

Циклусот започна со три работилници на кои дисеминаторите Теа Петковска и Љубица Јованоска ги припремија ПХВ младинците за тоа како да излезат на терен и да изработат свој мал проект. Во рамките на овој ЦКА – ПХВ циклус успешно се завршени четири проекти и  се обучени 22 ПХВ младинци.

После неколкумесечната работа на четири проекти, од кои три во заедницата и еден мултикултурен, нашата ПХВ приказна ја конклудиравме и со финален ПХВ настан на кој сите младинци имаа можност да ги презентираат своите проекти пред претставници од локалната самоуправа, родителите, донаторите и останатите граѓани. Настанот беше одржан на 21.06.2022 годинаво просториите на Општина Охрид, каде со своето присуство не почестија сите наши пријатели, без кои овие проекти би биле само една идеја, а не и успех.

Финалните продукти од нашите проекти:

- Среден парк во кој ќе може да уживаат граѓаните на Охрид
- Мултиетнички хор кој со години ќе ја продолжува својата традиција и ќе ги обединува сите по пат на музиката
- Среден и топол дом, како и здравствена поддршка за социјално-загрозено семејство со мало бебенце
- Подобра иднина и социјална адаптација за група дечиња кои беа запознаени со здравите навики,и бонтон, со кои ќе се користат во текот на своите животи

И оваа година, Црвен крст Охрид зад себе остава 4 успешни проекти, а пред себе ги отвора вратите за уште младинци кои во иднина со својата хуманост и амбиција ќе направат голема промена.

Им се заблагодаруваме на сите волонтери, на стручната служба и раководството на Црвен крст Охрид, како и на сите наши пријатели кои ни излегоа во пресрет и ни овозможиле успех, но најмногу од се на дисеминаторите и менторите од овој ПХВ циклус кои неуморно работеа и беа постојана поддршка за сите ПХВ младинци.

Во продолжение се овогодинешните четири проекти:

**ЦКА-ПХВ – Проект “НИКУЛЕЦ”**

Во рамки на Програмата Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности(ЦКА-ПХВ) во Црвен крст Охрид овогодинешните ПХВ-екологисти низ својата работа успешно придонесоа за поткревање на еколошката свест кај народот, истовремено средувајќи го паркот пред зградата на просториите на Црвен крст Охрид!

Меѓу нивните успешни активности спаѓаат:

- "Биди екологист, а не песимист!" - еко-работилница

- Еко-вело-возење "Chase the Sun"
- Работилници во градинки по повод Денот на пчелата
- Онлајн Еко-кампања
- Соработка со нуркачки клуб Амфора
- Соработка со Никола Упевче во правење мозаици од железни капачињана влезот во седиштето на Црвен крст Охрид.
- Уредување на паркот пред ЦК
- Поставување информативни табли низ градот

Волонтери на овој проект: Бојана Котеска, Симона Клењоска, Софија Јаковлева, Марија Јанкуловска, Ѕвездан Јончевски, Никола Ставрески заедно со нивниот ментор Сара Коваческа

**ЦКА-ПХВ – Проект СОНАТА**

Како дел од ЦКА-ПХВ програмата при Црвен крст Охрид, една ПХВ група работеше на интеркултурниот проект "СОНАТА" и преку интерактивни работилници и активности им покажаа на сите дека помеѓу нас нема разлики, отворајќи ги вратите за позитивна промена во општеството која ќе започне од младите!

Дел од нивните успешни работилници:

- Dance night
- Movie night
- Game night
- Karaoke night
- Традиционален ручек во Рамне
- Еднодневна посета во Велество
- Посета на библиотека
- Цртање графит со интеркултурна порака

"Мини интеркултурен концерт" - завршниот настан на кој децата пееја песни на македонски, турски, албански и англиски јазик, ширејќи ја пораката дека музиката не познава разлики!

Волонтери на овој проект: Калина Стојаноска, Борче Исакоски, Ивана Котеска, Теа Николоска, Теодора Исјаноска заедно со нивниот ментор Елена Колевска

**ЦКА-ПХВ-Проект ФЕНИКС**

Преку програмата ЦКА-ПХВ при Црвен крст Охрид тимот кој работеше на проектот “Феникс”во текот на два месеци одржуваше работилници и активности со група деца на теми:

- Бонтон
- Здрави навики
- Тимски игри
- Подобрување на читањето кај одредени поединци
- Час по пливање
- Ден за истакнување на сопственото хоби
- Прошетка во околните музеи
- Еднодневна екскурзија во Свети Наум и Заливот на коските со брод
- Свечена вечера

Целта на овој проект е социјална адаптација и стекнување здрави навики кај децата, кои би им преостанале во текот на нивните животи, како и најглавно дружење, забава и создавање нови пријателства .

Волонтери на овој проект:Ана Марија Петковска, Филипа Мијалкова, Симона Симоновска, Валерија Андриеска, Марија Андриеска заедно со нивниот менстор Ивана Грданова.

**ЦКА-ПХВ - проект “САШКА”**

Во текот на изминатиот период една ПХВ група од Црвен крст Охрид работеше на проектот ,,САШКА", со кој тие успеаа во создавање подобри услови за живот на тричленото семејство од Лескоец со:

- Градење нова куќа

- Плаќање заостанати долгови
- Обезбедување храна и производи за лична хигиена на семејството
- Овозможување редовни лекарски контроли за бебето
- Правење целосна лекарска контрола на мајката, како и посета на стоматолог

Овој тим ја оствари својата цел - обезбеди мал и топол дом на едно сиромашно, но скромно семејство со мали можности и големи срца.
Потребните средства беа собрани со реализирање на најразлични акции во нашиот град:

- Продажба на рачно изработени прстени и белегзии
- Поетска вечер
- Велигденски базар
- Свирка на Плоштад
- Проекција на филм
- Хуманитарна забава

Волонтери на овој проект: Мартина Анастасијевска, Сара Петковска, Стефанија Битолкоска, Христијан Дончевски, Јана Ангелоска, Ангела Ѓуклеска заедно со нивниот ментор Радмила Герасимова.
Искажуваместпецијална благодарност до сите донатори кои ни помогнаа и овозможија овој проект да стане реалност, особено на госпоѓа Наде Дуклеска и сите хумани луѓе од Шведска, Америка и Австралија.

**ЦКА-ПХВ 2022**

На крајот од месец септември, 22 искусни ПХВ инструктори во Струга учествуваа на подготвителна работилница на која ги прегледаа овогодинешните 120 мали проекти изработени од ПХВ младинците од 33 ООЦК од територијата на целата држава.Според резултатите, дури 80 проекти беа оценети со највисока фаза 5, а 17 од нив беа оценети со СОНЦЕ, проекти кои имаат долгорочен ефект во заедницата или врз целната група на проектот . ПХВ младинците од Црвен крст Охрид се здобија со дури три проекти оценети со сонце, и според вкупниот преглед, со првото место и пехарот на национално ниво
Резултатите ги соопштија ПХВ инструкторите од Црвен крст Охрид на редовниот состанок на Клубот на млади , на кој освен младинците, менторите и дисеминаторите учествуваа и претседателот и секретарот на Црвен крст Охрид, но секако и волонтерите од Клубот и останати истакнати дејци од нашата општинска организација. Моментите на среќа, еуфорија, и неизвесност , пропратени со многу солзи радосници беа само почеток на крајот на уште еден успешен ПХВ циклус. Завршната церемонија на која што ќе биде доделен и пехарот ќе се оддржи на 17.10. токму во Охрид.
Се заблагодаруваме уште еднаш на младинците за нивниот труд и насмевките и промените кои ги предизвикаа во општеството, на менторите и дисеминаторите за нивната неизмерна поддршка и помошта во текот на целиот циклус, но и на стручната служба и раководството на Црвен крст Охрид, помагателите и донаторите без кои овие проекти немаше да го имаат посакуваниот ефект во нашиот град

**ПХВ Пехар**

Изминатиот период главната вест на репертоарот на Црвен крст Охрид е првото место на национално ниво меѓу 33 општински организации во рамки на ЦКА - ПХВ програмата.На свечената церемонија која што се одржа на 17.10.2022 година во големата сала во општина Охрид беа доделени наградите за сите општински организации кои постигнале највисок успех во овој циклус - оценката СОНЦЕ, но и паричните награди за прво, второ и трето место на Општинска организација Охрид, Струмица и Центар .
На церемонијата беа присутни градоначалникот на општина Охрид, генералниот секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, националниот координатор на ПХВ програмата, потпретседателот, секретарот и стручните соработници на Црвен крст на Република Северна македонија-Општинска организација Охрид и повеќе општински организации од Македонија, дисеминаторите, менторите и младинците од овогодинешниот ПХВ циклус, како и многу други волонтери, родители, наставници, поддржувачи и хумани граѓани.
Пехарот за освоено прво место и најмногу проекти оценети со сонце Општинска организација Охрид го добива по четврти пат во рамките на програмата која се реализира околу 20 години. Во текот на овој циклус, околу 800 младинци на национално ниво со 42 дисеминатори, 9 ментори и 30 инструктори, и секако помош од сите хуманисти изработија 120 мали проекти со кои собраа околу 27000 евра преку вложени околу 25 илјади волонтерски часови и

притоа помагајќи на 5180 лица од ранливи категории.
Оваа година младинците од Општинска организација Охрид заедно со нивните ментори, дисеминатори и останати помагатели изработија 4 мали проекти, од кои 3 беа оценети со највисока оценка, и со тоа се здобија и со највисокото признание на национално ниво - пехарот и парична награда од 70 илјади денари кои повторно ќе бидат вложени во заедницата
На настанот четирите групи од овогодинешниот ПХВ циклус од Општинска организација Охрид ги презентираа своите проекти пред присутните ,а шанса да ги презентираат своите проекти имаа и претставниците од Општинските организации на Струмица и Центар. На церемонијата настапи хорот на интеркултурниот проект “Соната” со своја програма, а беше изведена и песната на ПХВ младинците од Охрид од 2020 година, “Сплотени”.

**ЦКА – ПХВ благодарници**
На 05.12.2022 година, по повод Светскиот ден на волонтеризмот, во Црвен крст Охрид се одржа отворен ден на кој што волонтерите имаа можност да дојдат и заедно да го прослават ореку дружба и забава.Во склоп на програмата испланиран беше и состанок за ПХВ младинците, менторите и дисеминаторите од овогодинешниот циклус, како и нивните родители, каде им беа доделени благодарници за вложениот труд.Благодарниците ги доделија ПХВ инструкторите Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц, во присуство на голем број волонтери и други претставници од Црвен крст Охрид. Дополнително родителите проследија и кратка презентација за работата на нивните деца со која уште еднаш имаа можност да ја видат промената која тие ја направија сами во општеството.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Недела на срцевосадови заболувања**
Во рамките на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцевосадови заболувања (21-28 февруари), Црвен крст Охрид организираше низа активности насочени кон превенција на срцевосадовите заболувања.
На ден 25.02.2022 година, се организираше заедничка прошетка на волонтерите од Клуб на млади и на Клуб на стари лица од Црвен крст Охрид, на охридското крајбрежје. Во текот на оваа прошетка, на волонтерите им беше измерен крвниот притисок и имаа мошност да добијат совети за одржување на нормални вредности на притисокот од страна на д-р Јованка Стурлакова Коровешоска. Исто така, по инструкции на проф. Катерина Бујароска, волонтерите изведуваа лесни физички вежби, по кои таа одржа кратко предавање за таквите мерки за заштита од срцевосадови заболувања.
На овој начин, се одбележа Неделата на срцевосадови заболувања и се истакна значењето на превенцијата, водењето здрав живот и намалувањето на смртноста од ваквите заболувања.

**Предавање за кардиваскуларни болести**
Во рамки на своите здравствено-превентивни активности Црвен крст Охрид организираше едукативно предавање наменето за корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица –„Најди време”, и претставници од Здружението на пензионери на Општина Охрид.
На презентацијата која беше водена од страна на Др.Виолета Мојсовска од ЈЗУ Специјализираната болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид, присутните имаа можност да се запознаат со кардиоваксуларните заболувања, нивните симптоми, дијагностичките прегледи како и третман и терапија. Исто така, презентирани беа и препораки за заштита и подобрување на квалитетот на животот кај лицата со кардиоваскуларни заболувања.
Ова предавање е дел од календарот на активности предвидени со програмата за Грижа за стари лица –„Најди време” при Црвен крст Охрид.

**Недела на борба против рак**
Согласно календарот на традиционални активности од 1 до 8 март 2022 година Црвен крст Охрид ја одбележа Неделата на борба против рак под мотото “Заедно во борбата против рак”.Во рамки на одбележувањето, волонтерите од Клуб на млади при Општинска организација Охрид спроведоа онлајн кампања за поддршка на борците и подигање на свеста за навремена Црвен крст Охрид детекција на ракот. Беше реализиран едукативен квиз

на социјалните мрежи каде беа вклучени над 200 следачи. Младите волонтери од Клубот на млади креираа и видео за поддршка на лицата и семејствата во борба со ракна тема “Не си сам” кое имаше над 10.000 прегледи на instagram.Здравјето е најголемото богатство, затоа добро да го чуваме.Останете информирани и давајте неизмерна поддршка на вашите блиски!

**Обука за промоција на хигиена за деца во рамки на проектот „Здравство при катастрофи“**
На ден 24.03.2022 година, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа обука за промоција на хигиена за деца и наставници во рамки на проектот „Здравство при катастрофи“. Во обуката учество зедоа седумнаесет ученици, една наставничка и една стручна соработничка од ООУ „Григор Прличев“ – Охрид.
Во текот на оваа обука, учесниците имаа можност да се стекнат со основите на промоција на хигиена:
- што е инфекција и ланец на ширење
- начини на ширење на инфективни болести
- што е хигиена
- зошто луѓето практикуваат хигиена
- зошто миењето на раце е важно, Ф дијаграм
- трите аспекти на хигиена.

Обуката беше интерактивна, така што учесниците се вклучија во дискусии и учествуваа во практична вежба за правилно миење на рацете.Учесниците во обуката покажаа интерес за темата, имаа одлични предзнаења, но добија и некои нови информации и се стекнаа со практични вештини за практикување на правилна хигиена на раце.
Работилницата ја одржаа Мери Наумова, волонтерка од Црвен крст Охрид и Саранда Ковачи Истрефи од Црвен крст Струга.

**Недела на борба против туберколоза**
Секоја година во периодот од 14 до 21 септември Црвениот крст ја одбележува Неделата на борба против туберкулоза. Волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охриднаправија онлајн кампања на платформата Инстаграм и Фејсбуксо споделување на информации што треба да знаеме за оваа болест. Целта на кампањата беше да се споделат основните информации за оваа болест, симптомите, превенцијата и начините на лекување и да се подигне јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберколозата како и мерки за ставање крај на глобалната епидемија на оваа болест.

**Работилници за дијабет – Проект Здраво стареење**
Во текот месец јули се одржааа три информативни работилници организирани од страна на Црвен крст Охрид со над 60 учесници на возраст над 60 години. Едукативните предавања беа дел од активностите во рамките на проектот Здраво стареење поддржан од Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина со цел подигање на свеста за превенција и навремено дијагностицирање на дијабетот кај постарата популација.
Работилниците се одржаа со волонтерите и корисниците од програмата за Грижа за стари лица “Најди време” при Црвен крст Охрид пензионерите од Здружението на пензионери од Охрид и Дебрца и членовите на ОО на Сојузот на борци од Охрид и Дебрца. На овие едукативни предавања присутните покрај што се запознаа со ризиците и факторите кои доведуваат до појавата на болеста презентирани од страна на Д-р Соња Стурлакова Димовска, можеа да добијат и совети во однос на измерената количина на шеќер во крвта по претходно мерење спроведено од двајца волонтери обучени за прва помош од општинска организација Охрид, со посебни мерни апарати кои беа обезбедени за таа намена. На секоја од работилниците беше спроведено и анкетно истражување анкета за дијабетот и животните навики помеѓу учесниците.

**Недела на борба против дијабетес**
Во периодот од 10 до 16 октомври секоја година традиционално се одбележува Неделата на превенција на шеќерна болест во склоп на здравствено - превентивната програма за дејствување на ЦКРСМ.
Оваа година како дел од МФЦК проектот Здраво стареење - Превенција на дијабетес волонтерите на Црвен крст Охрид го информирааа населението со лепење постери на фреквентни локации, здравствени установи и сл.и поделба на едукативни флаери со посебен акцент на постари лица.

**Месец на ментално здравје**

Во текот на месец октомври, Црвен крст Охрид реализираше повеќе активности со коишто се вклучи во одбележувањето на Светскиот ден на менталното здравје, 10 октомври.

-Работилницата насловена „Грижа за личното ментално здравје", посветена на менталното здравје на постарата популација, беше одржана во два наврати во просториите на Општинска организација Охрид – на 4 октомври учество во оваа работилница зедоа членови на Сојузот на борци на Охрид и Дебрца, а на 20 октомври оваа работилница ја проследија членови на Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца. Работилниците „Грижа за личното ментално здравје" беа реализирани во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни" којшто Црвен крст Охрид го спроведува со поддршка од Општина Охрид.

-По повод Неделата на млади, која траеше од 1 до 7 октомври, и месецот на ментално здравје - октомври, на 5ти октомври,, на редовниот состанок на Клуб на млади, во просториите на Црвен крст Охрид беше одржано предавање на тема "Анксио - депресивни растројства кај тинејџери". Предавањето беше во вид на интерактивна презентација која ја одржа Сара Божиноска, студентка на Медицинскиот факултет, и на истата учествуваа околу 50 волонтери од Клубот на млади. Предавањето беше во вид на интерактивна презентација која ја одржа Сара Божиноска, студентка на Медицинскиот факултет, и на истата учествуваа околу 50 волонтери од Клубот на млади. Овие млади во периодот од еден час имаа можност да ги надоградат своите знаења во однос на менталното здравје и оваа тема, но и да дискутираат и да ги искажат своите ставови во однос на истата.

-На 26 октомври, психолог од Црвен крст Охрид учествуваше во реализацијата на работилница на тема анксиозност, наменета за ученици во ОСУ „Свети Климент Охридски" – Охрид.

-На 31 октомври, психолог од Црвен крст Охрид одржа работилница за ментално здравје во ОУ „Свети Наум Охридски" – Пештани. Учество во оваа работилница зедоа ученици од 8 и од 9 одделение.

Исто така во текот на месец октомври се спроведе кампања за промоција и едукација за менталното здравје на социјалните медиуми.

Менталното здравје е важно колку и физичкото здравје; така, Црвен крст Охрид ќе продолжи да организира и да реализира активности за едукација за менталното здравје и за поттикнување на грижата за личното ментално здравје.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

1-ви декември Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА, Црвен крст Охрид го одбележа со низа активности, под мотото „Знаењето е најдобра превенција од ХИВ инфекција". Со цел да се подигне нивото на свеста во јавноста за ХИВ/СИДА и изрази поддршка на оние кои што живеат со ХИВ, на 1 ви декември волонтерите на Црвен крст Охрид на минувачи, на вработени и посетителите во градските кафулиња, маркети, продавници, ученици во средните училишта им ставаа црвени панделки како универзален симбол за свеста дека СИДА-та постои и како поддршка на оние кои живеат со СИДА, ги едуцираа со корисни совети за начинот на превенција и заштита од ХИВ/СИДА, а беа делени и едукативни флаери за начинот на пренесување, превенција и заштита од инфекција со ХИВ вирусот.

Активностите продолжија и во текот на Неделата на борба против ХИВ/СИДА од 1-7 декември 2022 со реализација на интерактивни едукативни работилници за младите и обука на врснички едукатори за ХИВ/СИДА и реализација на типизирани предавања во основните и средните училишта во Охрид и Дебрца. Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА и Неделата на борба против ХИВ/СИДА се одбележуваат секоја година со цел да го свртат вниманието на јавноста за значењето на превенцијата и раното откривање на инфекцијата со ХИВ вирусот.И оваа година активностите во кампањата за борба против ХИВ/СИДА се во соработка и поддржани од Canadians for Children at Health Risk од Канада.

**Неделата за борба против ХИВ/СИДА**

Во рамки на Неделата за борба против ХИВ/СИДА ( 1-7.12.2022 година) која се одбележува под мотото "Знаењето е најдобра превенција од ХИВ инфекција" Црвен крст Охрид спроведе неколку активности. Во текот на оваа недела предавачот за ХИВ/СИДА д-р Јованка Стурлакова Коровешоска реализираше интерактивно едукативно предавање за волонтерите од Клуб на млади во просториите на Општинска организација Охрид. Во основните и средните училишта беа дистрибуирани типизирани предавања со цел учениците да се запознаат со основните знаења за вирусот на ХИВ, начин на пренесување и заштита.

Активностите кои секоја година се организираат по повод Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА и Неделата на борба против ХИВ/СИДА имаат за цел да го свртат вниманието на јавноста за значењето на превенцијата и раното откривање на инфекцијата со ХИВ вирусот

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2022**

Сореализирани 16крводарителскиакции и собрани 1279крвниединициза 2022годинабеазадоволенипотребитеза крв и крвни продукти напациентитездравствените институцииво Охрид.

За време на пандемијата КОВИД 19 се одржаа сите предвидени акции според Интегралниот план за 2022 наменети за граѓанство. Сите акции се организираа и одвиваа согласно упатства за примена на мерките за заштита од КОВИД-19, изготвени од Црвен крст на Република Северна Македонија

**17мартДенотнакрводарителствотово РСМ**

И оваа годинасо оглед на ситуацијата со пандемијата КОВИД19 традиционалната свеченост по повод 17ти март,Денот на крводарителството и Денот на Црвениот крст на Македонија,и свеченото доделување на јубилејни признанијане се одржа.

Крводарителите кои во текот на 2021 година ги достигнале своите 5, 10, 25, 50, 75 или 100 крводарувања беа поединечно повикани во Црвен крст Охрид да ги подигнат своите признанија.

## ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2022 година беа реализирани 14 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 85 кандидати, како и 52обуки по прва помош за кандидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 743 кандидати и 9 обуки по прва помош за кандидати за пловни објекти на кои беа обучени 224 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации, за кандидати за возачи на моторни возила и кандидати за пловни објекти ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**Светски ден на Прва помош**

По повод Светски ден на Прва помош, на 17.09.2022 беше одржана Конвенција по прва помош во Битола, организирана од страна на Црвен крст на РСМ, Црвен крст Битола и Општина Битола. Настанот се состоеше од повеќе делови, и тоа : дефиле на претставниците на секоја општинска организација од плоштад Магнолија до Офицерскиот дом Битола, понатаму изложба на традиционални обележја од секој град, и секако симулациска вежба на пожар и сообраќајна несреќа и демонстрации на санирање на повреди.

Волонтерите на Црвен крст Охрид облечени во традиционална облека со своето ѓомлезе, плашици, питулици, ѓеврек, слатко и ред други продукти го доловија духот нашиот Охрид и културата со која изобилува.

Најважно од сè, укажана беше важноста на првата помош како вештина која треба да ја поседуваме сите.

**Национална кампања по прва помош**

Под мотото “Првата помош спасува живот“, Црвениот крст на РСМ започна Националната кампања по прва помош со која беше предвидено до крајот на годината да се спроведат бесплатни обуки по прва помош за 25000 ученици од основни и средни училишта во целата земја. Црвен крст Охриддолгогодишно активно работи на планот на унапредување и развој на дејноста во делот на првата помош сега со посебен придонес во образовните институции каде уште од најмала возраст се обучуваат младите како правилно да укажат помош таму каде што е потребна. Првата помош е непроценлива животна вештина која децата треба да ја надоградуваат во текот на животот.

Во рамки на Националната кампања, Црвен крст Охрид во период од 20ти септември до 20ти ноември 2022 година спроведе едукации во сите 9 основни и 4 средни училишта на територијата на општина Охрид и Дебрца. Спроведени беа 15 обуки од страна на 2ца предавачи и 4ца демонстратори обучени за прва помош од Црвен крст Охрид и опфатени беа вкупно 973 ученици на возраст од 12 до 18 години. На овие обуки, учениците имаат можност да

стекнат основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција чија цел е да се спаси човечки живот, но и да се намалат компликациите од настанати повреди и инвалидитет. Тематската област на едукациите вклучуваше обука за укажување на прва помош односно срцево-белодробно пре (реанимација), задушување со страно тело, различни видови крварења, скршеници, изгореници и смрзнатини. Обуките беа проследени со големо внимание и заинтересираност од страна на учениците.
Изразуваме голема благодарност за соработката и укажаната доверба до сите основни и средни училишта во Охрид и Дебрца.

**Програма за прва помош - Научи прва помош-спаси нечиј живот**
Во рамки на програмата за прва помош, а со цел подигање на свеста кај населението за значењето за правилно и навремено укажување на прва помош, секој викенд од месец октомври е резервиран за промоција на првата помош низ најпрометните места на Охрид!
Во sклоп на кампањата за ширење на знаењата и вештините за укажување на прва помош со цел едукацијата и подигање на свеста на населението за правилно и навремено укажување на прва помош, како клучен фактор во спречување и намалување на инвалидитетот и спасување на човечки живот, волонтери на Црвен крстОхрид, стручни лица, едукатори, демонстратори по прва помош, парамедици реализираа презентација на вештини и техники за укажување прва помош, промоција на опрема за укажување на прва помош делеа едукативен материјал и совети за прва помош и самопомош при најразлични ситуации и несреќи
Пет викенди во месец октомври првата помош беше промовирана како еден од најзначајните сегменти на работа на движењето на Црвениот крст, но и како сет од знаења и вештини кој што секој граѓанин треба морално да го поседува. Мобилни тимови на волонтери обучени по прва помош со точаци делеа флаери за прва помош и споделуваа кратки значајни информации за прва помош и најчести повреди на случајни минувачи од 12-16 часот во две смени.Мобилни тимови на волонтери обучени по прва помош опремени со таблети и достапен интернет обезбедија корисни информации за првата помош, но и информации од општествен интерес за туристи и случајни минувачи од 12-16 часот.

**Обука за прва помош за волонтери**
Во просториите на Црвен крст Охрид, младите волонтери од Клуб на млади од Црвен крст Охрид имаа прилика да проследат дводневна обука за прва помош и тоа теоретски дел на 29 мај и практичен дел на 5 јуни 2022 година од страна на двајца обучувачи д-р Ружица Ангелеска и долгогодишниот волонтер и демонстратор по прва помош Георги Ставрески.
Беа обучени 25 обучени волонтери кои научија да санираат повреди и рани,различни методи и техники за укажување итна помош како и за важноста на доброто познавање и навремено укажување прва помош;

**Обука за прва помош за волонтери**
Во период од 08-11.12.2022 година се одржа обука за основите на првата помош во Клубот на млади во Црвен крст Охрид.Истата ја одржа демонстраторот и демонстратор по прва помош Георги Ставрески, на која се обучија 30 млади, сега дел од тимот на прва помош на Црвен крст Охрид за активностите кои следат. Младите се обучија како да укажат основна прва помош и да препознаат за каква повреда се работи: СБО, крварење, изгореници и смрзнатини, скршеници, како и некои специфични повреди.
Дополнително во sклоп на обуката се одржаа и работилници за укажување прва психолошка помош и психосоцијална поддршка од страна на тренерите Ранко Раткушиноски и Катерина Наумоска, со што младите се стекнаа со поголемо знаење за како да се справат со ситуациите на терен

**Бројни ангажмани на екипи за прва помош и спасители на вода**
Во текот на летниот период, медицинските екипи за прва помош и тимовите на спасители на вода од Црвен крст Охрид имаа бројни ангажмани и обезбедуваа повеќе од 70настани: Охридско лето, 22-та Меѓународна регата во кајак и кану на мирни води, Пливачки митинг во градскиот базен во СРЦ Билјанини извори, Олимписки Пливачки маратон на 10км пред х.Тино, Националниот куп во далечинско пливање 2022 на 2 и 5 км од Љубаништа, Охридски Пливачки маратон од св.Наум, Прв Меморијален боксерски турнир “Алексо Огненоски” пред х. Нова Ривиера,

македонска претпремиера на проектот „Македонисимо"- концерт на Симон Трпчески во с. Збажди, Струга, фолклорен фестивалот "Костовски " кој се оддржа на сцената Долни Сарај и др., а наши екипи на неколку локации беа и на првото издание на Акватлонот, Охрид трчат, Охрид Траил и др.
Тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид при медицинското обезбедување на најразлични културно забавни манифестации, спортски настани, фестивали имаа преку 150 интервенции од различен обем како и транспорт до хируршко односно интерно одделение на повредени кои имаа потреба од пмош од понатамошен третман.

**Охрид трчат**

Во рамки на Атлетската манифестација  Охрид трчаТкоја годинава се одржа по шести пат на 5 јуни 2022 година, волонтерите на Црвен крст Охрид водеа грижа за безбедноста и здравјето на натпреварувачите. Волонтерите на Црвен крст беа присутни на терен и придонесоа за настанот да помине во најдобар тек - со многу позитива и ентузијазам.Црвен Крст Охрид се погрижи за безбедност и насочување на тркачите низ целата патека со:

- 60 волонтери
- Тим за прва помош
- Парамедици
- Логистичка поддршка
- Освежителен пункт

Голема благодарност до ангажираните волонтери кои ги насочуваа тркачите, ги чекаа на целта и ги наградуваа со медали. Оваа година, имавме и тим на претставници кои заедно истрчаа на трката од 5км, претставувајќи ја нашата организација во најдобро светло!
Честитки до Охрид ТрчаТ за успешниот настан и до сите учесници кои учествуваа во истиот.

**Акватлон 2022**

На првото издание на Акватлон Охрид ТрчаТ, Црвен крст а Охрид беше задолжен за запазување на безбедноста на сите присутни со обезбедување:

- Медицински тим;
- Спасители на вода;
- Прва помош;
- Волонтери за логистичка поддршка;

Благодарност до сите кои учествуваа и помогнаа овој настан да помине во најдобар тек и честитки до организаторите за успешниот настан и до сите натпреварувачи за нивното учество!

**Охридски Пливачки маратон 2022**

На 10.09.2022 г. во водите на Охридското Езеро се одржа 35-то издание на Охридскиот пливачки маратон на кој што како и секоја година Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид се вклучи со своја екипа за медицинските прегледи на пливачите, логистичка поддршка на маратонот како и медицинска поддршка во тек на целиот маратон.

**Охрид Ултра траил**

Преку 270 учесници од 23 земјиги одмеруваа своите вештини и издржливост во планинско трчање на четири патеки и тоа Охрид Ултра Треил од 100 км., Галичица Ултра Траил од 60 км., Самотска Треил од 40 км. и Летница Треил од 22 км на овогодинешниот Охридултра-треил маратон кој на 14 мај се одржа во Охрид и прекрасниот Национален Парк Галичица. Сето тоа беше предизвик за Црвен крст Охрид со своите тимови на спасители од Планинската Спасителна Служба, медицинските тимови составени од парамедици и лекари и бројни волонтери, во континуитет да се грижат за безбедноста на учесниците на Охридултра-треил и посетителите на настанот со што придонесоа за успешна и безбедна реализација на истиот. Нашите тимови беа распоредени на 4 пунктови во НП Галичица и Охрид, интервенираа 10 пати за укажување прва помош и успешно ги пречекаа сите учесници на целта.

**Работилница за Прва психолошка помош и Психо-социјална поддршка за негуватели**

На ден 10.03.2022 година во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа работилница за Прва психолошка помош и Психо-социјална поддршка за негуватели кои вршат услуги за помош и нега на стари лица и лица со попречености во домашни услуви. На работилницата активно учество зедоа 14 волонтери од кои 7 се веќе сертифицирани негуватели, и 7 волонтери кои ја следат тековната обука за негуватели. Работилницата се фокусираше на тоа како кризните настани влијаат врз луѓето, што е тоа психолошка прва помош и психо-социјална поддршка и кој, кога и каде може да ја пружи, за кого е наменета и што има за цел да постигне, што значи да се помогне одговорно, кои се принципите на дејствување и практични техники на пружање психолошка прва помош и психо-социјална поддршка. Посебно внимание се обрна на предизвиците со кои се среќаваат негувателите за време на нивниот ангажман како професионалци кои нудат услуги за помош и нега во домот на стари лица и лица со попречености.Присутните покажаа особен интерес за темите од работилницата и изразија желба за понатамошни обуки и работилници кои би биле посветени на менталното здравје и грижа за истото. Како предавачи на работилницата беа обучените тренери за прва психолошка помош и психо-социјална поддршка Катерина Наумоска и Ранко Раткушиноски.

**Работилница за прва психолошка помош за средношколци**

На ден 22.03.2022 година, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа работилница за прва психолошка помош за средношколци. Во работилницата учество зедоа десет ученици од медицинските паралелки и педагог од Средно општинско стручно училиште „Свети Кирил и Методиј“ – Охрид.

Во текот на оваа работилница, учесниците имаа можност да стекнат основни знаења за првата психолошка помош: што е прва психолошка помош; зошто е важна; кои се нејзините карактеристики; кога и кому му се пружа; кои се основните принципи на пружањето прва психолошка помош.Особено внимание се посвети на предизвиците и стресните настани со коишто се соочуваат младите луѓе, врсниците на учесниците во работилницата. Работилницата беше интерактивна, така што учесниците се вклучија во дискусии и решаваа практични вежби.

Учесниците во работилницата покажаа интерес за темата којашто се разработуваше и изразија желба и во иднина да се организираат активности посветени на унапредување на менталното здравје.Работилницата ја одржаа тренерите по прва психолошка помош и психо-социјална поддршка од Црвен крст Охрид, Катерина Наумоска и Ранко Раткушиноски.

## СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА**

Црвен крст Охрид под мотото “Помислете и на нас” ја реализираше кампањата по повод Неделата на борба против гладта(16-22 октомври 2022 г).Во текот на кампањата беа реализирани повеќе активности со поддршка на повеќе фирми: Магна, Леарница, Ремис, Лајонс клуб Десарети и Лајонс клуб Деница, како и собирни акции на храна во сите основни и средни училишта од Охрид и Дебрца, како и во повеќето поголеми маркети низ градот Охрид, каде хуманите граѓани имаа можност да ја донираат за оние на кои им е најпотребна. Во текот на оваа година евидентирани се околу 900 семејства кои бараат помош и се со социјален ризик.

Во текот на Неделата на борба против глад во просториите на Црвен крст Охрид, им беа доделени хуманитарни пакети на 100 социјално загрозени семејства, а со собраните финансиски средствата од текот на цела кампања од Неделата на гладта, до крај на месецот им беа доделени пакети на вкупно 250 семејства кои примаат социјална помош, згрижувачки семејства, бездомници, лица со инвалидитет, деца без родители и стари лица.

Се заблагодаруваме на сите вработени во Црвен крст Охрид и волонтерите на Клубот на млади за спроведувањето на акцијата, на хуманите граѓани кои ја направија оваа акција успешна, и на училиштата, маркетите и фирмите кои се вклучија за помошта во реализацијата на истата.

**НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ**

Во рамките на социјално-хуманитарната дејност, а по повод одбележувањето на Неделата на солидарност од 18-24 април 2022 г., под мотото “ВАШИОТ ПРИЛОГ – ЗНАЧАЈНА ПОМОШ” со цел подигање на нивото на свест на населението за потребната помош и поддршка на ранливото население, Црвен крст Охрид организираше хуманитарна собирна акција за обезбедување на помош во храна, средства за хигиена и парични средства, која ќе биде наменета за социјално загрозените лица, старите лица и лицата со посебни способности од Охрид и Дебрца, како и бегалците од Украина кои престојуваат во нашиот град.

Во рамки на Неделата на солидарност, со поддршка на невладината организација Темпларски ред, Велик Приорат Македонија беа обезбедени и поделени 30 хуманитарни пакетисо прехрамбени производи и средства за хигиена на семејства во социјален ризик од Охрид

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Достава на прехрамбени производи од Жито леб**

И во текот на 2022 година, мобилните тимови на Црвен крст Охрид продолжија да ја спроведуваат хуманитарната акција на Општинскиот кризен штаб и на „Жито леб“ за достава на продукти од овој познат производител на леб и бели печива до социјално загрозени домаќинства.Оваа активност се реализирашесекој работен ден, во утринскитечасови, а беа опфатени ранливи семејства од повеќе категории кои се дел од евиденцијата на Црвен крст Охрид.

**Хуманитарна помош**
Во период од 19.07 до 28.07.2022 година, Црвен крст Охрид во соработка со Јанун од Ханове, Германија реализираше Еразмус + проект со наслов “Becoming a local Hero in eight days”. Овој меѓународен семинар е финансиран од ЕУ преку Еразмус +. На оваа меѓународна младинска размена учествуваа 6 волонтери од Црвен крст Охрид (2 од нив беа организатори) односно вкупно 31 лице од Македонија, Србија, Албанија, Италија, Украина и Германија. Црвен крст Охрид беше одговорен за организација на програмата, локален трансфер, храна и сместување на сите учесници и потребниот материјал за работилниците во текот на нивниот престој Сместени беа во ЕТЦ Велестово и меѓу другите активности кои им беа предвидени, се реализираше и хуманитарна акција. Учесниците учествуваа во подготовка и делење на 30 хуманитарни пакети наменети за социјално ранливите семејства од подрачјето на Општина Охрид.

**Хуманитарна помош за лица од Украина**
По започнување на бегалската криза во Украина од март 2022 година, во евиденцијата на Црвен крст Охрид се регистрираа вкупно 23 (5 фамилии и поедници) бегалци од Украина.
Црвен крст Охрид учествуваше во дистрибуција на хуманитарни пакети со прехрамбени и хигиенски производи, смарт таблети за дел од фамилиите каде имаше помали деца кои посетуваат настава, а беа доделени и ваучери за зимски јакни за мајки и деца. Хуманитарната помош беше обезбедена преку проект на Црвен крст на град Скопје.
Од страна на нашата организација им беше помогнато бесплатно да извршат здравствени прегледи и беа обезбедени облека и обувки за лицата кои имаа такви потреби.

**Бесплатни оброци за социјално ранливи категори**
Преку 100 лица, во социјален ризик, стари, осамени, лица со хендикеп, добија вкусен оброк во своите домови, приготвен од учениците и професорите на средното угостителско училиште „Ванчо Питошески“, а доставен од страна на тимовите за логистика на Црвен крст Охрид и ученици од училиштето.Со тоа беше реализирана хуманитарната акција на Црвен крст Охрид и РЦСОО „Ванчо Питошески“ за обезбедување на предновогодишни топли оброци за социјално загрозени семејства во Охрид.
Хуманитарната акција ја поддржа и во неа се вклучи и Факултетот за туризам и угостителство од Охрид кој во рамки на фестивалот „Купувај локално“ обезбеди храна приготвена од локални производители на храна, која волонтерите на Црвен крст Охрид ја доставија до уште 30 лица во социјален ризик.

**Хуманитарна акција “Даруваме радост на првачињата“**
На почетокот на оваа школска година, Црвен крст Охрид по четврти пат ја организираше хуманитарната акција „Даруваме радост за првачињата“ која имаше цел да се обезбеди училишен прибор за првачињата од социјално ранливите семејства од сите основни училишта на територија на Општина Охрид. Во рамките на оваа акција со донација од компанијата П.Н. МЕТАЛ Дооел Охрид се обезбедија 50 училишни ранци со комплет училишен прибор и

спортска маичка, како и два преносни компјутери кои ќе се наоѓаат во просториите на Црвен крст Охрид и ќе можат да ги користат учениците за извршување на домашните училишни задачи. Наставниците и менаџментот од училиштата изразија голема благодарност за реализацијата на овогодинешната хуманитарна акција за обезбедување школски прибор. Црвен крст Охрид изразува благодарност до сопственикот и тимот од компанијата П.Н. МЕТАЛ Дооел Охрид за оваа донација, со која уште една докажаа како изгледа една општествено-одговорна компанија, секогаш подготвени за соработка и за помош на лица на кои навистина тоа им е потребно.

**Хуманитарна акција Волшебна елка**

Црвен крст Охрид и оваа година организираше хуманитарна акција во соработка со КАМ Village, преку која граѓаните заедно со волонтерите имаа шанса да ги израдуваат дечињата кои живеат во социјален ризик.
Звонливите гласови на распеаните дечиња од детскиот хор при Културно-уметничкото друштво“Ѓердан од Бисери” и детскиот хор “Бамбино” со прекрасни изведби на новогодишни и божиќни песни, на 17.12.2022 год., ја „оживеаја“ Волшебната елка поставена во комплексот КАМ Village во рамки на хуманитарната акција на Црвен крст на Охрид и КАМ Village за исполнување на новогодишните желби на децата од социјално загрозените семејства од Охрид и Дебрца. Волшебните лампиони во кои се напишани новогодишни желби на деца во социјален ризик ја красеа Волшебната елка и ги очекуваа хуманите наши сограѓани да ги отворат и ги исполнат желбите на дечињата во социјален ризик.

**Завршен настан од хуманитарната акција Волшебна елка**

Волшебна елка, волшебни лампиони, волшебна забава, волшебно дружење и волшебни насмевки на лицата од дечињата и сето тоа како препознатлив знак на завршниот настан од хуманитарната акција Волшебна елка, кој на ден 24.12.2022 год. се одржа во комплексот на КАМ Village. Благодарение на голем број хумани наши сограѓани, институции, здруженија, поединци, кои се вклучија во оваа хуманитарна акција, преку 70 дечиња кои живеат во социјален ризик од Охрид и Дебрца, се израдуваа на подароците и исполнување на новогодишните желби.
Подароците беа обезбедени од страна на нашите хумани сограѓани кои во периодот од 10 до 24 декември избираа лампион со желба искажана од секое дете,  од Волшебната елка поставена во КАМ Village.
Волшебството на овој настан го надополнаа настапите на детскиот хор Бамбино под раководство на професорката Снеже Попова, настапите на учениците од второ, четврто и шесто одделение во ООУ Ванчо Николески, Лескоец.
И секако креативните и неуморни реализатори на целата хуманитарна акција и овој завршен настан беа волонтерите од Црвен крст Охрид во партнерство со КАМ Village. Изразуваме благодарност до сите основни училишта во Охрид и Дебрца за соработката и благодарност за учеството во оваа акција на сите хумани поединци, институциите, здруженија кои учествуваа во хуманитарната акција на Црвен крст Охрид „Волшебна елка“ и овозможија да се исполнат новогодишните желби и израдуваат многу дечиња од Охрид и Дебрца

**ГРИЖА ЗАСТАРИ ЛИЦА**

Програмата на грижа за стари лица на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 15 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршкана старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.

**Програма за грижа на стари лица „НАЈДИ ВРЕМЕ“**

По долго време на неизвесност, страв, ограничувања и редуцирани активности поради пандемијата на Ковид-19, волонтерите во Програма за грижа на стари лица „НАЈДИ ВРЕМЕ“ при Црвен крст Охрид повторно активно се вратија на своите волонтерски активности.
Во текот на месец мај, покрај редовната комуникација и посета на своите корисници на програмата, волонтерите одржаа низа предавања, работилници и екскурзија. Исто така, волонтерите присуствува на презентацијата на новите проекти активности на Црвен крст Охрид кои имаат за цел да придонесат кон подобрување на можностите за активно и здраво стареење.

Следуваат дел од активностите во коишто волонтерите од „НАЈДИ ВРЕМЕ“ зедоа активно учество:

- Работилница на тема „Меѓународното хуманитарно право“ – Предавач: Љубчо Милкоски
- Работилница на тема „Семејство“, одржана по повод Светскиот ден на семејството - 15 Мај – Предавач: Ранко Раткушиноски
- Екскурзија – Св Спас – С. Горно Лакочереј – По повод Денот на сесловенските просветители „“ - 24 мај – Читање на проза и поезија од познати македонски писатели. На оваа екскурзија беа поканети и присуствуваа претставници од Здружението на пензинери.
- Презентација на проектот „Заедно – активни и солидарни“, проект поддржан од Општина Охрид
- Работилница на тема „Концептот активно стареење“ – Предавач: Катерина Наумоска. Оваа работилница се одржа во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни“, поддржан од Општина Охрид.
- Работилница на тема „Грижа за личното ментално здравје“ – Предавач: Ранко Раткушиноски. Оваа работилница се одржа во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни“, поддржан од Општина Охрид.

**Меѓународен ден на стари лица**

По повод одбележување на 1 октомври - Меѓународниот ден на стари лица, волонтерите и корисниците на Програмата - Грижа за стари лица при Црвен крст Охрид им се придружија на волонтерите од Клубот на млади и на градскиот плоштад во Охрид заедно ги прославија Меѓународниот ден на старите лица и почетокот на Неделата на млади. Присутните своето време под топлото сонце го исполнаа со јога - смеа сесии и вежби за размрдување, дружејќи се меѓусебно и споделувајќи приказни! Овие активности се од големо значање за лицата во трето доба пред се за унапредување на нивниот квалитет на живот, здравјето и психофизичката состојба како и промовирање на активно стареење и активен пристап на животот во старост.Да се грижиме за насмевките на постарите!

**Недела на грижа за стари лица**

Во рамки на одбележување на “Неделата на грижа на стари лица”(14-20 ноември), под мотото “Сите сме нивни деца” Црвен крст Охрид организираше повеќе активности.

- Мобилен тим на Црвен крст Охрид дистрибуираше 50 хуманитарни пакети со прехранбени продукти и средства за хигиена до домовите на стари лица во социјален ризик. Овие хуманитарни пакети беа обезбедени во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни“ којшто Црвен крст Охрид го имплементираше со поддршка од Општина Охрид.
- На 23.11.2022 во просториите на Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца, одржани беа две работилници во коишто учество зедоа членови на Здружението – работилницата насловена „Концептот активно стареење“, којашто ја одржа Катерина Наумоска, проектен координатор во Црвен крст Охрид и работилницата насловена „Грижа за личното ментално здравје“, којашто ја одржа Ранко Раткушиноски, психолог, вработен во Црвен крст Охрид. Работилниците беа подготвени и се реализираа во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни“.
- На ден 22.11.2022 година, волонтери од Клубот на млади присуствуваа на работилницата водена од Катерина Наумоска, каде преку кратко интерактивно предавање имаа можност да се запознаат со концептот на активно стареење како можност за развивање на меѓугенерациска солидарност.Уште еднаш Црвен крст Охрид под мотото "Сите сме нивни деца" преку своите активности ги опфати и младите, но и волонтерите од третото доба со цел да се промовира соработката меѓу нив.
- На 28.11.2022, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа информативна работилница за правата од социјална и здравствена заштита, којашто ја проследија повеќе постари граѓани. Оваа работилница ја одржаа д-р Јованка Струрлакова Коровешоска од Центарот за јавно здравје и социјалниот работник Мира Врангалоска од Центарот за социјлни работи.
- Покрај наведените активности, во текот на Неделата на грижа за стари лица, Црвен крст Охрид и НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид започнаа пилот-проект насловен „Книгата поблиску до старите лица“ Имено, во следниве три месеци, постари лица кои сакаат да читаат, но не можат да одат во Библиотеката да земат книга, ќе бидат бесплатно зачленети во Библиотеката, а книгите до нивниот дом и назад во Библиотеката ќе ги дистрибуираат волонтери од Општинска организација Охрид.

**Меѓународен ден на жената**

Црвен крст Охрид свечено го одбележа Меѓународниот ден на жената, 8ми март. Беа поделени пригодни подароци, меѓу кои и рачно изработени честитки  од страна на волонтерите од Клубот на млади, кои исто така имаа активно учество во настанот и го разубавија овој чин  со читање на прекрасни поеми посветена на жената. Подароците беа поделени на волонтерите од Клубот на стари лица "Најди време" при Црвен крст Охрид, жените-пензионерки во Домот на пензионери Охрид, на медицинскиот персонал во Брза помош и Здравствен дом Охрид, неколку други институции, на негувателите и жените корисници од Нега центарот Охрид, но и на повеќето  жени кои беа затекнати како минувачи. Насмевката која ја измамивме на нивните лица нека биде дел од нивното секојдневие, нека бидат неизмерно среќни, задоволни и сакани.

**Посета за Велигден**

Традиционално како и секоја година, по повод христијанскиот празник Велигден волонтерите од програмата Грижа за стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид на 26.04.2022 година ги посетија своите корисници и корисниците на услуги од Здружението Добротољубие 2014. Волонтерите на сите корисници им го честитаа празникот со велигденско јајце и пригодни подароци.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Трговија со луѓе или Модерно ропство е сериозен општествен проблем и е најтешка форма на кршење на основните човекови права - правото на живот, на слободно движење, на слобода на избор и други права и слободи. Овој тежок криминал е застапен и во нашата држава. Црвениот Крст оддржува превентивни активности кои имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на  начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

**Врсничка едукација за борба против Трговија со луѓе**

По повод Меѓународниот ден на борба против Трговија со луѓе 18ти октомври, на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид се оддржа врсничка едукација на оваа тема која ја спроведе Радмила Герасимова, врснички едукатор за борба против трговија со луѓе, каде беа едуцирани околу 30 млади волонтери. Волонтерите беа информирани за тоа што е трговија со луѓе и како може да ја препознаеме,зошто и на кого се случува, кои се последиците кај жртвите и на кои начини на можеме да ја избегнеме.Врсничките едукации се важен аспект од работата на клубовите на млади бидејќи така се покрева свеста кај младите на теми од особено значење за општеството.

**Герила-акција за борба против трговија со луѓе**

- Младите волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, како сертифицирани врснички едукатори за трговија со луѓе, осмислија и реализираа едукативен перформанс за превенција од трговија со луѓе, кој на ден 28.03.2022 година, како герила-акција го изведоа во дворот на гимназијата ОСУ „Св. Климент Охридски" во Охрид.Целта на овој перформанс беше да се покрене свеста кај младите и тие да се едуцираат за овој социјален феномен на модерно ропство, ризиците и ужасите на тргвовијата со луѓе, но и за начините како да се заштитат.Учениците и професорите настанот го следеа од прозорите на своите училници, а можеа да видат три сцени на кои врсничките едукатори на Црвен крст Охрид прикажаа жртви на сексуална експлоатација, трговија со деца и експлоатација на труд.Во позадина, раскажувачот ги информираше гимназијалците со најважните податоци и опасности околу трговија со луѓе.Пораката за младите беше јасна и силна: „Како да се заштитите?Темелно истражувајте и распрашувајте се за понудите за работа, патувања и размени. Секогаш имајте копии од вашите документи кај семејството. Бидете внимателни при запознавање непознати луѓе, во непознати места. Кога сте во странска држава, а особено на екскурзии, не се делете од групите и не одите на непознати места. Избегнувајте ризични облици на однесување.И најважно информирајте се и останете едуцирани!
- Младите волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, како сертифицирани врснички едукатори за трговија со луѓе, осмислија и реализираа едукативен перформанс за превенција од трговија со луѓе како дел

од нивната програма за работа.На ден 08.11.2022 година, во соработка со СВР Охрид, како герила-акција го изведоа во спортската сала на училиштето СОСУ „Св. Кирил и Методиј “ во Охрид, каде учениците и професорите можеа да проследат три сцени на кои беше претставена сексуална експлоатација, експлоатација на труд и трговија со деца, придружени од некои од најважните факти за трговијата со луѓе. Целта на овој перформанс беше да се покрене свеста кај младите и тие да се едуцираат за овој социјален феномен на модерно ропство, ризиците и ужасите на трговијата со луѓе, но и за начините како да се заштитат.

- На ден 21.11.2022 г. волонтерите на Црвен крст Охрид повторно ги претставија видовите и последиците на трговијата со луѓе како социјален проблем преку нивниот перформанс. Овој пат перформансот беше изведен пред учениците од деветто одделение од училиштето ООУ "Христо Узунов", повторно во соработка со СВР Охрид. Заедно да се едуцираме и да ја покренеме свеста на оваа тема!

**Светски ден за едукација за заштита на животната средина**

По повод Светскиот ден за едукација за заштита на животната средина на ден 26.01.2022 г. во канцеларијата на Националниот парк Галичица се одржа работилница со наслов „Направи промена за здрава животна средина“со дечиња од Црвен крст Охрид, која беше реализирана со цел што повеќе да се осознае за тоа што е животна средина, како треба да се грижиме за истата, што се климатски промени и кои се причините и последиците од климатските промени.Животната средина не спојува сите нас и делиме еден заеднички дом - планетата Земја. Едукацијата за зачувување на животната средина и климатските промени се од голема важност, особено за децата од школска возраст.

**Велиденски базар**

Во рамки на своите хуманитарни активности, а во пресрет на Велигденските празници, Црвен крст Охрид организираше Велигденски базар кој се реализираше од 19-21.04.2022 година во период од 12-15 часот на плоштадот Крушевска Република (Чинар).

На овој базар се продаваат изработки од волонтерите од Програмата Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ) и од волонтерите од Програмата за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид. Средствата собрани од продажбата на овие изработки беа искористени во рамките на ЦКА-ПХВ за помош на семејство во социјален ризик

**Хуманитарен здравствено-промотивен и едукативен настан**

Во рамките на своите здравствено-превентивни активности Црвен крст Охрид во соработка со Орифлејм Македонија, Тим Татјана 421-Охрид организираше хуманитарен здравствено-промотивен и едукативен настан на ден 10.07.2022 на пешачката патека Охрид-Горица, простор помеѓу Скејт паркот и „Куба Либре“ во периодот од 11-14 ч. на кој што беше претставена линијата за здрав живот. Охридскиот тим на Орифлејм Македонија преку своите кратки корисни презентации за здрав живот, ги понуди за дегустација производите од Wellness програмата, а се вршеше и мерење на Танита вага на која секој заинтересиран посетител, по промотивна и симболична цена можеше да ја одреди својата телесна тежина и комплетната здравствена состојба на својот организам.

Програмата Wellness на Орифлејм ги поседува потребните сертификати и одобренија за квалитет и здравствена безбедност.

**Регионален саем на социјалните претпријатија**

Црвен крст Охрид зеде учество и на вториот Регионален саем на социјалните претпријатија од Југозападниот плански регион, во организација на Регионалниот центар за поддршка на социјални претпријатија и проектот „Поддршка на социјалните претпријатија".На саемот беа презентирани можности за раст на најиновативните регионални социјални претпријатија, преку обезбедување финансиска, менторска и друга поддршка од различни

засегнати страни  како и други можности особено оние кои се отвараат за овој вид на претпријатија со новиот закон за социјално претприемништво..Проектот „Поддршка на социјално претприемништво“, е поддржан од Европската Унија, а го спроведува Ептиса, во конзорциум со Барка и Екорис, во соработка со Министерството за труд и социјална политика.Црвен крст Охрид на саемот се претстави со Нега центар кој претставува единствен социјален сервис на територија на Општина Охрид кој нуди домашна грижа и нега од страна на сертифицирани и професионални негуватели за стари лица и лица со попречености.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обукизаспасителинаводаорганизираниво 2022**

Центарот за безбедност на вода, во соработка со одделот за дејствување при катасторфи на ЦКРСМ организираше обука за спасители на отворени води во период од 19.06.2022 - 27.06.2022 година на Охридското езеро каде беа обучени 4 спасители на вода. Обуките се реализираа под водство на инструкторите за безбедност на вода Дејан Јонузоски  и Ѓоко Сарафилоски и демонстратор Филип Здравески.

**Ангажмани 2022**

ЦентаротзабезбедностнаводаОхридво 2022година, односновотекотналетнататуристичкасезонаимашеангажирано20спасителинавода/помлади спасители на вода, коисегрижеазабезбедностанапосетителитена8капалиштана Охридското езерои 3 базени. Завременадвомесечниотангажманспасителитенавода имале вкупно 700интервенции и тоа17 патиинтервенираленаизвлекувањенаактивни давеници, околу 650 помалиинтервенцииинаукажувањепрвапомош,2 потраги по изгубени деца.

Во текот на летната сезона 2022 се бележат и ангажмани на преку 15 спасители на вода на 4 пливачки маратони, една едриличарска регата, и забавно-рекреативни содржини во вода на бродот Армада.
СпасителитенаводанаЦрвенкрстОхридбеаангажирани и надруги бројниспортски, културно-забавни и верскиманифестацииво текотнагодината: Водици,Охрид трчат, Акватлон, Охрид траил,музички настани во охридските ноќни клубови  и др.

**ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА**

Согласно усвоениот Акциски план и Логичка рамка, во 2022 година, со олабавување на пандемиските мерки, се отвори можност за поактивно спроведување на обуките за спасители на планина. Покрај пожарникарите од Грамш и Дебрца, на наше особено задоволство, во обуката се вклучија и волонтерски здруженија за спасување на планина активни во другите региони од нашата земја.
Покрај планираните набавки, продолжија и инфраструктурните проекти. Кај планинарската куќа „Спиридон“ на Галичица беше поставена пречистителна станица за отпадни води, а за возилата на противпожарната единица во Општина Грамш беше изградена отворена гаража. По набавената опрема, беше промовиран и Авантуристички парк наменет за најмладите. Истиот е предвиден да биде мобилен, и лесно да се инсталира на различни локации. Во текот на зимскиот период беа организирани промо посети во близина на планинарската куќа „Спиридон“ на Галичица, каде децата учеа за основите на планинарењето, основните вештини за преживување во зима, планинарење со чевли за снег и бивак, како и за дивиот свет и ендемични видови во Националниот парк и важноста на нивната заштита.
За да се обезбеди енергетска независност на Центарот на ПСС и да се намалат трошоците, а со тоа да се обезбеди дел од одржливоста, беше инсталирана фотоволтаична централа со моќност од 10-15 KV. Исто така, со заштедите кои се јавија со измените на буџетските линии, покрај асфалтирањето на паркинг просторот на Оперативниот центар на ПСС, извршено е и хортикултурно уредување.
На крајот на летото, по повеќемесечни активности беше завршена прекуграничната патека “Lake View Trail”. Патеката ги поврзува општините Грамш - Поградец - НП Преспа - НП Галичица и општина Дебрца. Поставени се зимски ознаки на површини со надморска височина поголема од 1600м, а по должината на патеката унифицирани табли и патокази. Патеката овозможува создавање на широк спектар на туристички производи и разни видови активности на

отворено. Минувајќи низ бројни значајни културно-историски локалитети и локални населби овозможува создавање нови деловни можности за локалното население.
Покрај инфраструктурните проекти, беше остварена соработка и обезбедена финансиска поддршка на клубот за кучиња трагачи и спасувачи “Куче Спасител” од Охрид. Со ова здружение беше потпишан Меморандум за соработка, а буџетските средства беа наменети за набавка на храна за кучињата, како и потребни реквизити (каиши, опрема за кафези и сл.).

- На 19 јануари 2022 година, евро амбасадорот Дејвид Гир ги посети Оперативниот центар и планинарската куќа “Спиридон” на планината Галичица, каде имавме можност да ги претставиме резултатите од проектот, како и практичното користење на набавената опрема за Службата за спасување на планина.
- На 4-ти мај, Претседателот на комисијата за терестријално спасување при ICAR (International Commission for Alpine Rescue), Г-динот Гебхард Барбиш од Австрија го посети центарот на ПСС. Посетата се реализира по покана на Националниот Сојуз за Планинско Спасување, Здружението АСКЛЕПИЈ и Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид, а целта на истата беше запознавање на Г-динот Барбиш, со степенот на имплементација на препораките од ИКАР во нашето делување, како и за проблемите и предизвиците со кои се соочуваме, особено во делот на институционалната поддршка од државните и локалните власти.
- На 17.04.2022 година иако веќе длабоко навлезени во пролетта, одличните снежни услови на Галичица овозможија прекрасно снежно другарување со волонтери од Црвен крст Охрид и Атлетскиот клуб Охрид трчаТ, како и со  нивните родители. Во текот на викендот во регионот околу планинската куќа Спиридон на Галичица, членовите на алпинистичкиот клуб ПАТАГОНИЈА од Охрид и Планинската Спасителна Служба од Црвен крст Охрид имаа можност на повеќе од 30 присутни, промотивно да им организираат незаборавни снежни авантури, кои покрај забавен, имаат и едукативен карактер. Имено, станува збор за промоција на „Мобилен зимски авантуристички парк“, нова содржина која Алпинистичкиот клуб Патагонија Охрид во иднина ќе ја нуди на посетителите во околината на планинската куќа Спиридон на Галичица, кај ново изградениот планинарски дом во Брежани, општина Дебарца, но и на други локации во регионот, погодни за таа намена. За потребите на оваа нова туристичка содржина, во рамки на проектот „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам“ набавени се 30 комплети опрема, кои содржат дрезги за движење во длабок снег, камашни, лопати за снег, лавински сонди, како и сетови за изучување и истражување на снежната покривка. Во комбинација со вештините на алпинистите од клубот, оваа опрема на посетителите ќе им овозможи незаборавни авантури, кои можат да бидат еднодневни со претежно забавен карактер до повеќедневни едукативни.Промотивната активност, како и целокупната опрема за потребите на алпинистичкиот клуб Патагонија, е финансирана од ЕУ, ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија и Министерството за локална самоуправа и има за цел збогатување на туристичката понуда во регионот, проширување на туристичката сезона, обезбедување одржливост на клупските активности, како и пример за креирање на нови содржини кои овозможуваат одржливо искористување на природата во заштитените подрачја и националните паркови.
- На 18.04.2022 година во рамки на Проектот „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам“, финансиран од ЕУ, ИПА Програмата за прекугранична соработка со Албанија, припадниците на Планиска спасителна служба при Црвен крст Охрид, во соработка со партнерите од Општина Грамш, организираа обука за спасување на нетехнички планински терен за потребите на противпожарната служба од Грамш. Теренската обука која се одржа во непосредна близина на водопадот Сотира, под падините на планината Томорит, претставува продолжение на процесот на обука, кој започна уште минатата година во тренинг центарот на ПСС во Охрид. Целта на обуката е оспособување на пожарникарите од Грамш, за правилно користење на специјализираната опрема за спасување, како и за безбедно изведување на спасителни операции на нетехнички планински терен.Со завршување на процесот на обука, новата специјализирана опрема и теренските возила, кои во рамки на проектот беа набавени за противпожарната служба од Грамш, значително се подобруваат капацитетите на оваа служба. Вака опремени и обучени, пожарникарите од Грамш, во иднина ќе може поуспешно да се справуваат со шумските пожари, кои се честа појава во оваа рурална општина, ќе можат да си укажат самопомош во случај на незгоди при нивните активности, но ќе можат ефикасно и безбедно да интервенираат во случај на повредени туристи, кои во сѐ поголем број ги посетуваат планините во овој навистина живописен регион.

- На ден 15.06.2022 година, имавме особена чест и задоволство, да го пречекаме претседателот на Европскиот совет, г-динот Чарлс Мишел, придружуван од вицепремиерот г-дин Бојан Маричиќ и евроамбасадорот г-дин Дејвид Гир, претставувајќи ја ИПА2 Програмата за прекугранична соработка меѓу Северна Македонија и Албанија, како нејзина најуспешна приказна. Г-динот Мишел, го запознавме со постигнатите резултати од двата реализирани проекти, благодарение на кои во прекуграничниот регион воспоставена е првата 24 часовна Планинска Спасителна Служба, која делува во рамки на Црвен крст Охрид.Истакнавме дека сме особено горди на успехот да воспоставиме волонтерска служба, обучена, опремена и организирана по највисоките европски стандарди, која се грижи за безбедноста на повеќе од 220 000 жители, како и за огромниот број туристи, кои го посетуваат регионот околу Охридското Езеро. Ја искористивме оваа прилика, од името на волонтерите и жителите од регионот, да се заблагодариме на Европската Унија за довербата и досегашната поддршка, како и да ги увериме дека не застануваме тука и продолжуваме со идеја нашата успешна приказна да ја пренесеме и во останатите региони во државата. Г-динот Мишел, ни изрази искрена благодарност за постигнатите резултати и хуманата мисија која ја спроведуваме во овој дел од Европа
- Во текот на месец јуни, на наша покана и големо задоволство гости ни беа претставници на Планинската Спасителна Служба од Хрватска. Како водечки пример за модерна волонтерска служба , не само во балкански, туку и во европски рамки, на Панел дискусијата одржана 10.06.2022 година во хотел “Ривиера”, раководителот Јосип Граниќ го претстави хрватскиот модел на организација и функционирање на Службата. Пред претставници на високи државни институции за првпат го отворивме прашањето на планинското спасување во нашата земја, неопходноста од имплементацијата на меѓународните стандарди и потребата од институционално систематско решение за ова прашање во земјата и прекуграничниот регион како предуслов за развој на авантуристичкиот туризам и безбедноста на граѓаните.
- Во текот на истиот месец на покана на Европската Делегација, во рамки на посетата на Претседателот на Европскиот Совет, г-дин Шарл Мишел, на охридскиот плоштад организиравме промоција на Планинската Спасителна Служба.
- Во текот на месец септември беше организиран промотивен настан во Општина Грамш на кој беа претставени проектните резултати, а во текот на следниот месец беше свечено отворен новиот планинарски дом во село Брежани.
- На 26 октомври 2022 година беше организиран Финалниот проектен настан кој се одржа во просториите на Центарот на ПСС во Охрид. На присутните им се обрати г-ѓа Марија Канелопулу, прв советник, раководител на сектор за економски прашања, градење институции, прекугранична соработка од ЕУД од Скопје. По поздравните говори, г-дин Костантин Циривири од Mountain Experiance одржа презентација за новиот туристички производ „Lake View Trail“ развиен во рамките на проектот.

Комплетот од предложени инфраструктурни подобрувања, развој и промоција на производи, мерки за градење капацитети и зајакнување на прекуграничната соработка со засегнатите страни беа успешно спроведени што доведе до целосно исполнување на предвидените проектни цели. Овие активности, планирани во согласност на принципите за одржлив развој за решавање на проблемот со неискористениот потенцијал за авантуристички туризам и ограничената понуда во однос на разновидни туристички производи, кратка туристичка сезона и нерамномерен развој на пошироката прекугранична област, ја оправда релевантноста на Проектот, а остварените резултатите се покажаа дека имаат значајно влијание не само кај крајните корисници, туку и кај сите целни групи, правејќи го регионот атрактивна дестинација и создавање деловни можности преку одржлив развој.
Во текот на 2022 година, тимовите на Планинската Спасителна Служба при Црвен Крст Охрид беа постојано активни, успешно реализирајќи 11 операции и бројни асистенции, во кои покрај извлекување и транспорт на повредени лица, редовно се асистираше на заглавени возила во зимскиот период.

**Обука за меѓународна и национална заштита на бегалци**

Во периодот 17-19.10.2022  во тренинг центарот Солферино Струга се организираше работилница на која учесниците добија обука за меѓународна и национална заштита на бегалците, како и поблиско запознавање со поимот интеграција од експерти од различни институции. Исто така, на работилница се презентираше улогата на локалната самоуправа во миграциските движење и влијанието на локалните власти во процесот на локална интеграција.Учество зедоа 10 општини - Локални самоуправи (ЛС) кои се избрани да се приклучат кон програмата, со

акцент на прашањето за интеграција на бегалците, како и за 10 лица (секретари или вработени во Црвен крст). Како претставник од Црвен крст Охрид беше Ранко Раткушиноски, а како претсавници од ЛС / Општина Охрид Илкер Мустафа, Билјана Богданова – Смилевска и Флорентина Стерјовска.Целите на работилницата, која е во рамки на поддршката од Меѓународниот Црвен крст и Црвена полумесечина односно Швајцарскиот Црвен крст и Швајцарската Агенција за Развој, биле:

-Запознавање на учесниците со националната и меѓународната правна рамка за прашањата за азил и бегалци, како и со националната правна рамка за правата и услугите достапни за бегалците;

-Зајакнување на капацитетите на општините (ЛС) да обезбедат помош и поддршка во процесот на локална интеграција во согласност со националното законодавство;

-Подигање на свеста за прашањето на интеграцијата и придобивките што бегалците и лицата под меѓународна заштита можат да ги донесат за заедниците домаќини, што се очекува да резултира со конкретни предлози на избраните општини за локална поддршка кон интеграцијата.

**Симулациска показна вежба на повредени од експлозија на петарди**

Соработката на СВР Охрид-Одделението за превенција и Црвен крст Охрид продолжи со спроведување акции за зголемување на свесноста кај населението за последиците од користењето на петарди и други пиротехнички средства.

Во пресрет на новогодишните празници, волонтерите од Црвен крст Охрид во соработка со СВР Охрид спроведува акции за зголемување на свесноста кај населението за последиците од користењето на петарди и други пиротехнички средства. Новообучените волонтери од тимот за прва помош и тимот на шминкери за реално прикажување на повреди имаат можност да ги покажат своите знаења преку изведување на симулација на ампутирани прсти и изгореници како резултат од користењето на петарди заедно со волонтерите од Клубот на млади.Показната вежба во склоп со предавањето на СВР Охрид за штетните ефекти на овие предмети се изведуваше во повеќето основни училишта на територијата на општина Охрид. Беа опфатени учениците од основните училишта "Братство Единство", "Св. Климент Охридски", "Ванчо Николески" – Лескоец и "Кочо Рацин" Охрид, "Христо Узунов " и " Григор Прличев ".

**Превенција за заштита од шумски пожари**

Во текот на месец јули, волонтерите на Црвен крст Охрид спроведоа акција за делење на 400 флаери на случајни минувачи на најфреквентните места во градот Охрид, се со една цел - нивно едуцирање на тема пожари!Во текот на летниот период од годината, ризиците за настанување на пожар во некоја шумска област се највисоки отколку во било кој од годината!

**Топлотен бран**

Во летниот период со жешки температури, важно е нашите граѓани да се информирани за тоа како да се заштитат од топлотниот бран.За таа цел младите волонтери од Клуб на Млади од Црвен крст Охрид делеа едукативни флаери со совети за превенција од топлотен бран и шише ладна вода.Вниманието најмногу го насочија кон повозрасните лица и хронично болните кои се во поголем ризик во ова топло време.

**АктивноучествовоШтаботзазаштита и спасувањеприОпштинаОхрид и РЦУК Охрид**

Во 2022година, ЦрвенкрстОхрид зедеактивноучество во работата на Штаботзазаштита и спасувањеприОпштинаОхрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**

Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени вонајголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, трговија со луѓе,подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Недела на млади**

Секоја година периодот од 1 до 7 октомври е резервиран за одбележување на Неделата на млади, недела во која го промовираме трудот и работата на младите во организацијата на Црвениот крст .

Оваа година Црвен крст Охрид, на 1ви октомври, организираше отворен ден под мотото " Биди причина за нечија насмевка " во вид на црвена зона за млади, каде преку повеќе т.н. катчиња се презентираше работата на волонтерите во Клубот на млади.

•Катче за прва помош (на посетителите им се прикажани симулации на прва помош реализирано во склоп на настанот за прва помош одржан на истиот ден)

•Катче за ментално здравје (можност за разговор со психолог и врснички едукатори за ментално здравје)

•Катче со едукатори и мотиватори (можност за запознавање на врсничките едукации и можност за пополнување на прашалници)

•Жива библиотека (секој еден од посетителите имаше можност од еден од нашите волонтери да слушне по некоја приказна за претходен настан или активност)

•Катче за друштвени игри и игри за десиминација (можност за учење преку забава)

•Катче на спомени (посетителите имаа можност да ги видат активностите во изминатите години преку галерија на слики )

•Катче за меки вештини (на посетителите им беше претставена нашата програма и воедно имаа можност за тестирање на нивните способности и вештини преку прашалник)

•Инфо-штанд за споделување информации (им пружи можност на заинтересираните да пополнат пристапница за волонтер, а сите присутни да влечат предизвик за настанот „Cup of love“ )

•Катче за освежување (приложени освежителни сокчиња, пуканки и мини крофни, направени од волонтери),

•Музичко катче (разубавување на атмосферата со гитара и придружен вокал )

Ова е само дел од она што младите од Црвен крст Охрид  го припремаа со цел да ја прикажат нивната работа во рамките на волонтерството.

Плоштадот на Охрид на 1ви октомври беше обележан со боите на Црвениот крст!

Нивната RED ZONE беше местото каде младите можат да се запознаат со Клубот на млади и неговите волонтери, а и со сите посебни активности кои се презентирани од страна на млади! Преку низа катчиња успеаа да ја доловат мисијата на нашиот Клуб, да помогнат некому или едноставно да им го разубавуваат денот!

Црвенокрсташкиот дух се осети на Плоштадоттој викенд, но продолжи да се чувствува и понатаму насекаде низ нашиот Охрид!

За време на Неделата на млади, Клубот на млади од Црвен крстОхрид во соработка со 12 кафулиња од градот зеде учество и во реализирањето на иницијативата " Cup of love " или " Чашка полна љубов ". Преку остварувањето на некој хуман гест во вид на предизвик, граѓаните на градот Охрид добија можност да добијат бесплатно кафе како награда за исполнувањето на нивниот предизвик. Преку оваа активност имавме шанса да ја споделиме волонтерската магија со младите на Охрид!

Запознајте се со моќта на вашите способности, подајте рака таму каде што е потребно и со вашата позитива направете промена!
Младите се движечката сила на општеството, па би сакале да ја честитаме Неделата на млади на сите волонтери на Клубот на млади кои дел своето време посветуваат на разубавувањето на нечив ден.

**Локално собрание на млади**
На оддржана конститутивна седница на Локалното собрание на млади при Општина Охрид како делегат е избрана волонтерката од Црвен крст Охрид Ања Карали, а заменик-делегат остана лидерот на Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Анастасија Стојаноска, која беше член и во претходниот состав.
На 07.11.2022 г. на 5тата седница на Локалното собрание на млади, како нов член и заменик член беа избрани Радмила Герасимова и Калина Стојаноска.
На 02.12.2022 г. на 6тата седница на Локалното собрание на млади на Општина Охрид за нов Претседател на Локалното собрание е избрана Калина Стојаноска, волонтер од Црвен крст Охрид.

**Локален совет на млади**
Во рамките на Локалниот совет на млади наш претставник е Георги Ставрески кој е член од неговото формирање во мај 2021 година. Изминатава година ЛСМ го отвори младинскиот културен центар и спроведе бројни едукативни работилници и презентации.

**Меѓуопштинска работилница за организациски вештини**
На ден 28.01.2022 г. во просториите на Црвен крст Струга беше одржана работилница на која волонтерите на Клубовите на млади на Црвен крст Охрид и Црвен крст Струга се стекнаа со нови вештини за организација на настани и активности.Обучувачи на работилницата беа волонтери од Црвен крст Охрид: Анастасија Стојаноска и Сара Коваческа, и учество зедоа 20 учесници.Работилницата беше успешно реализирана, и учесниците се стекнаа со нови вештини и пријателства, имаше добра тимска работа и споделување на иницијативите на младите.Соработката меѓу учесниците е клучниот виновник за уште една успешна работилница!

**Работилница за активизам, волонтеризам и Црвен крст во светот**
Црвениот Крст, како хуманитарна организација, е застапен насекаде низ светот, со над 14 милиони волонтери во 192 држави.На ден 16.02.2022 год. во просториите на Црвен крст Охрид се одржа врсничка едукација на тема Активизам, волонтеризам и Црвен крст во светот од страна на врсничките едукатори од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Наталија Танеска и Бојана Котеска. На оваа врсничка едукација, преку низа активности и вежби, присутните беа запознаени со приказната на нашата организација и нејзините основни компоненти. Учесниците на работилницата научија што претставуваат активизмот и волонтерството, деловите на Движењето на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина како и конкретни примери за дејноста на Црвениот Крст на одредени локации во светот. Да се мотивираме сите знаејќи дека многу луѓе насекаде околу светот се стремат кон исполнување на една иста цел: позитивна промена!

**Работилница за влијанието на социјалните мрежи кај младите**
На 23.02.2022 год. во просториите на Црвен крст Охрид беше одржана врсничка едукација на тема влијанието на социјалните мрежи кај младите од страна на новообучените врснички едукатори од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, Сара Петковска и Ивана Котеска. На работилницата беа присутни 22 волонтери од Црвен крст Охрид кои подобро се запознаа со влијанието и опасностите предизвикани од социјалните мрежи. Работилницата беше успешно реализирана и имаше добра интеракција меѓу учесниците и споделување на лични искуства.

**Мотивациски работилници за крводарители**
-На ден 21.02.2022 година се организираше Мотивациска работилница за крводарители во гимназијата ОСУ "Св. Климент Охридски" – Охрид од страна на обучени мотиватори за крводарителство од Црвен крст Охрид. 40 ученици

од 3та и 4та година научија повеќе за процесот на дарување крв, критериумите за да се биде крводарител, личните бенефиции и важноста на дарувањето.Преку забавни активности и дискусија освен што самите се мотивираа подоцна имаа задача да го пренесат истото на своите соученици.Оваа мотивациска работилница вроди со успешна гимназиска крводарителска акција, на 23.02.2022 год., во Службата за трансфузиона медицина Охрид, каде над 30 хумани гимназијалци ја даруваа својата скапоцена течност. Голема благодарност до сите средношколци за соработката и успешноста на акцијата.

-На ден 28.02.2022 г. нашата волонтерка од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Теа Петковска одржа мотивациска работилница со ученици од трета и четврта година од СОСУ ,,Св. Кирил и Методиј" Охрид за учениците да ги добијат сите потребни информации околу крводарителството, дознавајќи ги бенефициите од крводарувањето и спасувањето животи. Оваа работилница вроди со успешна крводарителска акција на 02.03.2022 г. во просториите на Службата за трансфузиона медицина Охрид каде овие ученици ги одвоија своите 5 минути, ја даруваа својата крв и станаа дел од големото семејство на крводарители.Им благодариме на сите крводарители и ги мотивираме да продолжат да спасуваат животи.

**Работилница за нездрави навики кај младите**

Младите секојдневно усвојуваат лоши навики така што ги одложуваат обврските, поминуваат премногу време на паметните уреди и најчесто се чувствуваат ненаспани. Со оваа цел во просториите на Црвен крст а Охрид се одржа интересна врсничка едукација за како трајно да стекнеме добри навики, од страна на едукаторите од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Ангел Карали и Бојана Костоска.Во текот на работилницата, учесниците ги согледаа ефектите и резултатите од нездравите навики, преку дискусија и вежба дознаа какво влијание имаат, се открија методи за подобро организирање на времето и се поткрена свеста и мотивацијата кај младите.

**Програма за меки вештини**

Целта на програмата е тековно да се спроведуваат работилници од млади за млади, или интерактивни работилници со професионалци на овие теми со цел да се разработат поголем дел од овие вештини кај сите волонтери. Програмата се состои од 9 работилници кои сеуште се спроведуваат и кои ги воведоја волонтерите во основите на меките вештини, но и на секоја вештина посебно како на пример комуникација, презентациски вештини, менаџмент на време, и слично. Ја започнуваме програмата со голем ентузијазам за што е заслужна огромната заинтересираност кај младите за учество во истата .

**Работилници за меки вештини**

На ден 10.08.2022 година во просториите на Црвен крст Охрид од страна на волонтерите од Клуб на млади Ивана Котеска и Борче Исакоски беше одржана работилница за меки вештини.Меки вештини се есенцијални вештини и знаења кои треба да ги поседува секој професионалец:

-критичко размислување

-тимска работа

-дигитална писменост

-лидерство

-професионалност

-меѓународна флуентност, меѓу многуте други.

Нашите волонтери имаа прилика преку теорија и практични вежби подобро да ја разберат важноста на сите овие вештини поединечно, но и како целина. Ова е само еден мал вовед во оваа тема, која уште повеќе ќе биде продлабочена во блиска иднина.

Во месец септември се одржа и втората работилница од новата програма за меки вештини - "Моќта на моите способности".

На овие работилници, искусните волонтерки и дел од претходното раководство на Клубот на млади од Црвен крст Охрид, Анастасија Стојаноска, Сара Коваческа и Ивана Грданова, преку интерактивни предавања ги објаснија основите на комуникациските, презентациските и организациските вештини .

**Тим-билдинг работилница “Игри без граници”**

Соработката со други општински организации која веќе некое време ни беше во план успеавме да ја одржиме во месец август! Во организација на Клубот на млади од Црвен крст Охрид, во Извидничкиот камп Струга на 26.08.2022 се одржа тим-билдинг работилница заедно со волонтерите од Црвен крст Струга со име "Игри без граници", истовремено посветувајќи внимание и на спасителската дејност. Во Извидничкиот Камп Охрид волонтерите поминаа неколку продуктивни часа кои ги искористија за запознавање, тим-билдинг игри, едукација со спасителите на вода и слободно време за дружба. Голема благодарност до волонтерите за нивната позитивна енергија, и до спасителите кои одвоија време да им објаснат за нивната работа, а и практично да прикажат дел од истата.

**Тренинг за врснички едукатори**

ОД 16-18.12.2022 година се одржа тренинг за врснички едукатори во Клубовите на млади при Црвен крст Охрид и Црвен крст Струга. На истиот, 18 млади од двете општински организации се запознаа со основите на врсничката едукација, имаа можност да ги извежбаат вештините кои се потребни за одржување на врсничка едукација како комуникација, презентациски и говорни вештини, фасилитаторство и кофасилитаторство и работа во тим, но и ги ставија своите знаења и способности на тест пред останатите со одржување на презентација на одредена тема.

Тренингот се одржа во просториите на Црвен крст Струга од страна на Сара Коваческа, Бојана Котеска и Борче Исакоски кои претходно годинава го поминаа тренингот за тренери во хотел Солферино и со овој тренинг го ставија во пракса она што го научија. Им посакуваме успех на потенцијалните идни едукатори во процесот на дообучување и работата на терен.

**Врснички едукации**

Младите врснички едукатори од Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Охрид одлучија да го искористат последниот месец од учебната година ефикасно и продуктивно со цел што повеќе млади да се информираат на теми кои што се важни, но не доволно дискутирани во општеството.

- Спроведени две врснички едукации за превенција на болести од зависности, една во Клубот на млади,другата во ООУ " Кочо Рацин" Охрид
- Спроведена една врснички едукација за ментално здравје со нашите нови едукаторки во Клубот на млади при Општинска органзиација Охрид
- Спроведена една врсничка едукација за трговија со луѓе во ООУ " Свети Климент Охридски" Охрид

Беа опфатени околу 100 ученици и волонтери. Се надеваме дека со овие активности помогнавме во проширувањето на знаењата на многу тинејџери од нашиот град.

**Врснички едукации за превенција од сексуално преносливи болести**

Сексуално преносливите инфекции, како што се СИДА, кламидија, сифилис и ред други, се на потег, затоа е од особена важност нивната рана детекција и дијагноза!

-На 03.08.2022 година, во просториите на Црвен крст Охрид, беше одржана врсничка едукација на оваа тема, каде што волонтери беа запознаени со видовите СПИ, нивно лекување и превенирање и правилна употреба на презервативи. Успешно беа едуцирани 25 волонтери од страна на врсничкиот едукатор Гзим Демироски. Преку информираност да го заштитиме своето здравје!

-На 23.11.2022 година, се одржа едукативно предавање за сексуално преносливи инфекции со ученици од ООУ “Кочо Рацин” Охрид со д-р Јованка Стурлакова Коровешоска. Целта на оваа работилница е да се зголемат знаењата на младите на тема СПИ и сето она што таа го опфаќа, да се поттикнат децата да зборуваат меѓу себе и меѓу нив и своите родители на вакви, сеуште "табу" теми во нашето општество, односно целта е да се поткрене свеста општеството за да не ја занемарува оваа тема затоа што сексуално преносливите инфекции се многу позачестени во последно време.

**Ноември- месец на борба против болести на зависност**

Црвен крст Охрид според годишниот календар на активности под мотото "Информирај се и донеси одлука" активно се вклучи во одбележувањето на Ноември како месецот посветен на борба против болестите на зависност (алкохолизам, никотинизам, наркоманија). Со цел да се подигне јавната свест и едуцираноста на населението на штетноста од овие болести, се насочивме кон одржување на едукативни работилници во средните и дел од основните училишта. Предавањата ги спроведоа волонтерите од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Борче Исакоски и Матеа Стоев, врснички едукатори на темата Болести на зависност. Врсничките едукатори исто така на редовниот состанок од Клуб на млади одржаа врсничка едукација на оваа тема каде околу 40 млади беа запознаени со причините, ефектот и последиците кои овие производи кои за жал се дел од секојдневието на младите може да ги имаат врз луѓето.

**Панел дискусија за млади за болести на зависност**

Месец ноември го искористивме максимално се со цел споделување на информации и покревање на свесноста за тоа колкаво е негативното влијание на болестите на зависности врз младите! Во просториите на Црвен крст Охрид беше организирана панел дискусија за млади на која волонтерите научија нешто повеќе за болестите на зависности од професионалци: др. Соња Стурлакова Димоска,др. Весна Лаброска од метадонски центар и Зоран Сарафилоски од СВР Охрид.

**Врснички едукациии за превенција од болести на зависности**

-Во просториите на Црвен крст Охрид на ден 30.01.2022 г. беше одржана врсничка едукација на една од најрелевантните теми за младите, со цел едуцирање и позитивно влијание на нив, бидејќи според светските научни истражувања најактивните корисници на дрога, алкохол и цигари се млади на возраст од 18-25 години. Едукатори беа волонтерите од Клуб на млади при рвен крст Охрид, Матеа Стоев и Борче Исакоски. Беа едуцирани 17 млади волонтери од Клуб на млади кои се запознаа со симптомите, последиците и начините на превенција на болести од зависности (цигари, дрога и алкохол);

-На ден 14.03.2022, во ОСУ „Св. Климент Охридски " се одржа врсничка едукација на тема болести на зависности од страна на врсничките едукатори од Клубот на млади при Црвен крст Охрид, Маја Наумоска и Димитар Назифовски. На едукацијата присуствуваа 30 ученици од прва и втора година. На истата активно се дискутираше за алкохол, цигари и дрога, причините зошто повеќето луѓе започнуваат со овие зависности, самите последици кои ги носат и како да препознаеме и да му помогнеме на зависник. Учениците кои присуствуваа имаа можност да учествуваат во групна активност за чија цел беа поденени во 6 групи. Секоја група доби случај кој требаше да го анализира, да размисли и да одговори на дадените прашања, а потоа еден од групата да презентира и сите заедно да дикутираат, со што ги покажаа знаењата стекнати на работилницата.

**Еднодневна обука за преживување во природа**

На ден 23.08.2022 година, во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во с.Велестово се одржа еднодневна обука за преживување во природа со волонтери од Клуб на млади од Црвен крст Охрид. Едукатори беа волонтерите од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Матеа Стоев и Никола Ставрески кои се сертифициранимладински тренери на организацијата "Explorer".На оваа обука учесниците имаа можност да се запознаат со тренингот „ Leave no trace", кој всушност е практика составена од 7 принципи кои ја промовираат идејата за одржување на природата чиста и недопрена. Преку презентација на овие принципи, но и практична работа на терен, се надоградија знаењата и вештините главно во полето на екологијата на нашите волонтери, што е од особено значење за капацитетот на младите во склоп на нашата организација. Нашите млади волонтери имаа прилика да научат нешто повеќе за: принципите на природата, кампувањето, планинарењето и трикови за како да си го олеснат искуството во природа.

**Хероите на мојот град**

Волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид постојано работат на некои активности, организираат настани или се дел од истите.На 11.09.2022 се одржа активност во природа во Холандскиот парк во период од околу 2 часа. „Хероите на мојот град" е уште една од активностите на Клубот на млади од Црвен крст Охрид во склоп на летната

програма, чија што цел беше споделување на искуствата на волонтерите, вклучувајќи ги и оние поискусните кои моментално се матуранти или студенти, со што би се промовирало меѓусебна дружба и мотивација.Настанот беше реализиран од страна на членовите на координативното тело Калина Стојаноска, Наталија Танеска и Ѕвездан Јончевски.Преку вежби и игри, сите присутни добија шанса да ја раскажат својата приказна и да се зближат со други волонтери од различни генерации. Искуството на еден волонтер премина во мотивација за друг волонтер

**Еко-возење**

По повод 3 јуни ден на велосипедизмот, Црвен крст Охрид, во рамките на програмата Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), организира еко возење со велосипеди, под мотото „Биди екологист, а не песимист". Целта е со овој настан да се поддигне нивото на еколошката свест кај младите и поттикне нивното конкретно делување во насока на заштитата на животната средина. Да се сплотиме сите заедно и со мали чекори да направиме големи промени за планетата Земја да биде подобро место за живеење. Настанот се одржа на 02 јуни со почеток-старт во 19:00 часот од кај паркот Куба Либре. Влезната карта за учество беше 50 денари, а собраните средства се искористија за уредување на иден локален парк. На финалната локација Горица 3 учесниците „чекаше“ освежување и прекрасна забава.

**Еко-акција**

-Во рамките на проектот „Чисто езеро-светла иднина“ кој се реализира со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 24.07.2022 година се одржа голема еко-акција за чистење на крајбрежјето на Охридското езеро. На повеќето плажи младите од Охрид, помогнати од волонтерите од Црвен крст Охрид собираа најразличен отпад. Целта пред се е подобрување на состојбата на животната средина и подигнување на свеста за зголемена заштита на Охридското езеро и крајбрежјето.Ваквите акции се исклучително потребни оти едукацијата и практичните примери се најважни во борбата за заштита на животната средина.За подигнување на еколошката свест во рамките на проектот ќе биде изработен и видео спот преку кој младите ќе испратат силни и јасни пораки за здрава и чиста животна средина а исчистените плажи ќе бидат обележани со еко-знамиња како еколошко-чисти плажи.

-На ден 02.12.2022 над 100 волонтери Пиварци, претставници од општините Охрид, Струга и Дебрца, Црвен крст Охрид, Клубот за подводни дејности Охрид и нуркачките клубови Акватек и Амфора учествуваа во чистењето на дното и крајбрежјето на Охридското Езеро на 7 локации.Акцијата беше организирана од Пивара Скопје преку брендот СКОПСКО, а поддржана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Пакомак. Собран беше отпад на вкупна површина од над 100.000 метри квадратни во трите општини кои се директно поврзани со водата на Охридското Езеро

**Меѓународен ден на лица со попреченост**

Во рамки на одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на 04.12.2022 година, волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид им се придружија на дечињата и заедно го прославија 3тиот роденден на "Тајните на моето срце"- Здружение на родители на деца со посебни потреби!Нашите волонтери и оваа година се погрижија за насмевките на присутните дечиња, а со својата позитива им го разубавија денот. На децата им поделивме новогодишни пакетчиња и подароци. Оваа ноќ стана едно незаборавно искуство за младите волонтери, кои со себе засекогаш ќе ја носат сликата на вистинската среќата, која се гледаше на лицата на дечињата, врежана во нивните срца.

**Ораторска вечер во Делчево**

На 10 декември оваа година по повод Светскиот ден на волонтеризмот волонтерите од Црвен крст Делчево организираа ораторска вечер на тема "Јас и Црвен крст " во Делчево.На ораторската вечер учествуваа најдобрите говори од распишаниот конкурс од Црвен крст Делчево кои беа одбрани од страна на стручна комисија која понатаму работеше со овие оратори во подготовките за настанот.Говорите на Борче Исакоски и Ангел Крстески од Црвен крст Охрид беа одбрани меѓу најдобрите во финалето, додека Ангел учествуваше и во самиот настан во

Делчево како претставник на Црвен крст Охрид и Клубот на млади.Се заблагодаруваме на волонтерите од Општинска организација Делчево за можноста и гостопримството

**Светски ден на волонтерството**

По повод Меѓународниот ден на волонтерите 5 декември, во просториите на Црвен крст Охрид на иницијатива поттикната од Ученичкиот парламент, од страна на дисеминаторот Христина Кузманоска се одржа презентација на 33 ученици од V до IX одделение под менторство на педагогот од Основното подрачно училиште „Григор Прличев" од н.Рача, Охрид, на тема „Волонтерство – значење и предности". Презентирани беа материјали за историјатот на движењето, основни принципи, Програмите при Црвен крст Охрид (здравствено-превентивни програми, социјално-хуманитарна дејност, подготвеност и дејствување при катастрофи, дисеминација) како и волонтерство (што претставува волонтерство, волонтер, волонтер-член и локален план). Од страна на учениците е покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии, како и заинтересираност за да постанат волонтери на нашата организација. Со ова се продолжува соработката која ја имаат Црвен крст Охрид и ОУ "Григор Прличев" како и фактот дека ученици од мали нозе се запознаени со големината која во себе ја носи волонтерството.

Во ООУ "Ванчо Николески" Лескоец во рамки на наставната програма по Граѓанско образование, наставничката Александра Петревски и педагогот Весна Терзиоска која воедно е и волонтер, дисеминатор и ориентер во Црвен крст Охрид реализираа интерактивни работилници за волонтеризмот. Работилниците беа реализирани со учениците од VIIIа и VIIIб одделение, а со цел истакнување на важноста од волонтирање заради личен развој и општествена одговорност. Учениците се запознаа со поимот волонтеризам, со тоа кој може да биде волонтер, со можностите за волонтирање, како и со тоа кои се придобивките од волонтирање. ООУ „Ванчо Николески" го поттикнува волонтирањето и граѓанскиот активизам кај своите ученици, преку разни форми на активности и ученички иницијативи поддржани од самите наставници и менаџментот на училиштето.

**Дебата за волонтерство**

На редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид на ден 21.12.2022 година, по повод Светски ден на волонтеризмот кој се одбележа на 5 декември, се одржа младинска дебата за волонтерство со претставници од повеќе младински организации од нашиот град. Младите имаа можност да ги слушнат ставовите на дебатерите во однос на тоа дали неформалното образование треба да биде задолжително и зошто, но и да одлучат кој тим има подобри аргументи и да споделат свое мислење. Идејата за дебата со волонтерите од Клубот на млади се покажа како можност за анализирање на нивните ставови, но и потенцирање на значењето на темата во нашето општество.
Се заблагодаруваме на сите претставници и организации кои учествуваа на оваа дебата.

**Учество на камп**

По повод Струмичкиот карневал, од 04 до 06.03.2022 год., се одржа камп во Струмица на којшто учествуваа волонтери од неколку градови од Македонија и Србија на покана од Црвен крст Струмица. Волонтерите од Црвен крст Охрид, Сара Коваческа и Игор Јосифоски учествуваа во акцијата за време на карневалот во тимовите за прва помош и делење чај за минувачите. Благодарни сме на поканата, прекрасната организација и незаборавното волонтерско искуство.

**Младински национален камп**

Во периодот од 19.07. - 25.07. во автокампот АС Струга, во организација на националното координативно тело и координаторот на млади се одржа летниот младински камп "100% Црвен крст".На овој камп учество зедоја лидерите на Клубот на млади од Црвен крст Охрид, Борче Исакоски и Сара Петковска. Исто така, дел од самата организација беше и Сара Коваческа, која што беше избрана за дел од националното координативно тело на последните избори. На самиот камп учествуваа претставници од сите општински организации од нашата држава, кои во период од 7 дена имаа можност да се запознаат меѓусебе, да стекнат нови знаења и да работат на теми поврзани со движењето на организацијата и можностите за млади

**Летен планински национален камп**

Во периодот од 27.07. до 30.07.2022 година, 101 млади од клубовите на млади при ООЦК учествуваа на кампот "101 како 1" во организација на Црвен крст Струмица.На истиот учествуваа и волонтери од Црвен крст Охрид, односно Бојана Суклоска, Наталија Танеска и Софија Јаковлева, кои се стекнаа со извонредни искуства и пријателства за целиот живот. На кампот учесниците имаа можност да посетат повеќе локалитети на планината Беласица, но и да се едуцираат на темите однесување на планина, прва помош и ментално здравје.

**Обука на тема „Ментално здравје и психосоцијална поддршка, алатки и вежби – Прекугранична соработка**

Во едукативниот тренинг центар Солферино во Струга во периодот 07, 08 и 09.10.2022се одржа семинар на тема „Ментално здравје и психосоцијална поддршка, алатки и вежби – Прекугранична соработка"кој е дел на проектот: Migration Case for Support: ʹʹ Humanitarian Assistance and Protection for People on the Moveʹʹ (проект на Црвениот крст на град Скопје). На истото активно учество зедоаРанко Раткушиноски – психолог (вработен во ЦК Охрид) и Наталија Влавчевска – социјален работник (волонтер), кои во период од март до август оваа година го сочинуваа тимот кој даваше психо-социјална помош и поддршка за лицата мигранти од Авганистан сместени во Хотел Десарет Охрид. На овој интерактивен семинарфокусот беше насочен кон размена на искуства, алатки и практики во давањето на психо-социјална поддршка на раселени лица, но и покрај тоа имаа можност да стекнат и нови знаења и нови алатки за грижа на ментално здравје и психосоцијална поддршка. На семинарот учествуваа и претставници на националните друштва на Црвениот крст од Црна Гора, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина.

**Обука на тема,,Воспоставување на семејни врски / Restoring family links"**

Во период од 14.10 – 16.10 2022 се одржа обука во тренинг центарот Солферино во Струга на тема ,,Воспоставување на семејни врски / Restoring family links" на која зеде учество волонтерот од Црвен крст Охрид, Наталија Влавческа-социјален работник. На оваа обука учесниците се запознале со Меѓународното хуманитарно право, услугите на ВСВ, начини на спојување на најтесното семејство, семејната порака, молба за барање и платформата Trace the face. Исто така имале и практична обука за собирање податоци и пишување на семејната порака и молба за барање и се едуцирале кога се користи семејна порака, а кога молба за барање, на кој начин се пишуваат, од кого може да биде испратена семејната порака и кој може да иницира молба за барање и постапката при испраќање.

**Обука на тема "Методологија и техники на предавање по прва помош"**

Во периодот од 28-30.10.2022, др.Ружица Ангелеска и др.Филип Димовски, како волонтери од Црвен крст Охрид и предавачи по прва помош присуствуваа на обуката организирана од ЦКРСМ, насловена "Методологија и техники на предавање по прва помош", која се одржа во Солферино центарот во Струга. Во текот на обуката учесниците се запознале со методот на Microteaching, како еден од начините за барем до одредена мера унифицирање на начинот на одржување на курсевите по прва помош на кои учествуваат како предавачи или демонстратори. Обуката била во вид на предавање, активно слушање, групна работа како и постер презентации. Се направило осврт врз начинот на одржување на курсевите досега, методите кои се користат при истите, споделување искуства помеѓу предавачите и демонстраторите од различни градови, условите во кои се одвиваат предавањата, а биле дадени и одредени конструктивни критики и идеи со цел подобрување.

**Работилница на тема „Научени лекции од справување со КОВИД-19 пандемијата"**

Во период од14 – 16 октомври 2022во Центар за едукација „Солферино", Струга се одржа работилницата „Научени лекции од справување со КОВИД-19 пандемијата"организирана од страна на ЦКРСМ во рамките на проектот „Поддршка на процесот на КОВИД-19 вакцинација во Северна Македонија" поддржан од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Учество во работилницата зедоа лица вработени во ЦКГС и во повеќе ООЦК, коишто биле вклучени во активностите за справување со последиците од пандемијата на КОВИД-19; од ООЦК Охрид, во работилницата учествуваше Катерина Наумоскавработена во стручната служба од Црвен крст Охрид.

**Семинар за психо-социјална поддршка за мобилни тимови**

Во организација на Црвен крст на Град Скопје во периодот од 30.10.2022 до 01.11.2022 се одржа семинар за психо-социјална поддршка на мобилни тимови во тренинг центарот Солферино во Струга. На семинарот присуствуваа претставници од општинските организации кои изминатиот период беа вклучени во регистрација и работа со бегалци на територијата на РСМ. Како претставник на Црвен крст Охрид присуствуваше Марија Бараковски, вработена во стручната служба од Црвен крст Охрид. На семинарот бил претставен проектот за помагање на бегалците од Украина на Црвен крст на Град Скопје, а една од целите на семинарот беше јакнење на вештините за водење грижа за добросостојбата на мобилните тимови. Заради тоа беа претставени принципите на првата психолошка помош и психо-социјалната поддршка со дополнителен акцент на помошта наменета за лицата од Украина.

**Обука за психо-социјална поддршка при итни и кризни состојби**

Во едукативниот тренинг центар Солферино во Струга во периодот 18,19 и 20.10.2022се одржа обука на тема „Ментално здравје, прва психолошка помош, психосоцијална поддршка, стрес, криза и растројства. Оваа обука е дел од проектот Конекс Балкан кој се имплементира преку Центарот за Ментално здравје и Психо-социјална поддршка при ЦКРСМ.Овој проект –"КОВИД-19 одговор за подобрување на социо – економската ситуација на маргинализираните лица во 6 држави во Западниот Балкан" е финансиран од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст.Основаната цел на проектот е да сеформира национален тим за психо-социјален одговор при кризи и катастрофи, кој ќе биде спремен со знаење и ќе делува превентивно во мирновременски услови, а ќе биде активен теренски при вонредни услови на елементарни непогоди, масовни несреќи, катастрофи и др. Проектот Конекс Балакан се состои од 6 работилници кои ќе се одржат во период од месец ноември 2022година до месец февруари 2023 година. Како учесници од Црвен крст Охрид се Даниела Ве љановска – социјален работник и Ранко Раткушиноски – психолог, вработени во стручна служба.

**Хуманитарна и спортско-рекреативна акција За посреќно детство**

Во ритамот на спортот, забавата, хуманоста пулсираше Градскиот плоштад во Охрид при одвивањето на традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција која во организација на Црвен крст Охрид во партнерство со Стоматолошкиот центар Др. Баткоски по 12-ти пат се одржува во Охрид на 11.06.2022 година. Акцијата започна со градска трка по улицата Кеј Македонија, за да продолжи со натпревари во бројни спортски дисциплини: фудбал, ракомет, шах, вртење хулахоп, скокање со јаже, пикадо. За забавата се погрижија распеаните „Рибарчиња", а спортскиот дух во ритамот на музиката го одржуваше аеробик сесијата со професорката Кате Бујароска. Презентации на ракометните вештини имаа ракометните школи Вардар-Охрид и Седмерец, шаховските техники ги презентираше шаховскиот клуб Ласкер, а тренинг одржаа и членовите на Охридтрчат-Детска атлетика.

На градскиот плоштад свое катче имаше и Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин од Црвен крст Охрид, каде се промовираше и новата Програма за подготовка на деца за во училиште која во јули стартуваше во Црвен крст Охрид. Бројните посетители, од сите возрасти не останаа рамнодушни на настапите на жонглерите, штуларите, аниматори, кловнови, мимичари, магионичари, за кои, заедно со бројните награди, се погрижи Стоматолошкиот центар Др. Баткоски. Сите оние кои купиле учеснички број учествуваа во големата наградна игра со 50 вредни награди кои беа извлекувани во втората половина на месец јуни, во емисија во живо. Црвен крст Охрид изразува благодарност до партнерот и сите помагатели и поддржувачи на хуманитарната спортско-рекреативна акција „За посреќно детство"

**Матуранти 2022**

Месец август го бележи крајот на една - но и почетокот на друга приказна за дел од нашите волонтери кои го завршија своето средно образование. Овие прекрасни личности голем дел од своето време вложија во активностите на Црвениот крст и со својата трудољубивост, креативност и хуманост помогнаа нашиот мал клуб да прерасне во тоа што е ден-денес. На редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид беа доделени скромни персонализирани подароци на 30 волонтери-матуранти при Црвен крст Охрид.Овој настан се случува во текот на изминативе 5 години по ред и има за цел да го уважи трудот на волонтерите кои заминуваат на студии но во текот

на нивното волонтирање во Црвен крст Охрид дале огромен придонес за креирање, развој и унапредување на програмските содржини. На волонтерите-матуранти им беа доделени шолји со нивна слика од акција најдрага за нив носејќи ја униформата и амблемот на Црвен крст. При врачувањето на подароците, секој од волонтерите имаше можност од другите да слушне за себе позитивни работи за својот ангажман во рамките на Црвен крст, за позитивниот пример кој го давал на помладите волонтери и за животното искуство кое ќе го понесе од периодот на волонтирање. Од сè срце им се заблагодаруваме и им посакуваме многу успеси и среќа во нивните животи понатаму.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД-АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 12 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно призната и познатата Бреинобреин програма и во 2022 година нанижа големи успеси.

- **БОБ единаесетта генерација**

На пригодна свеченост во просториите на Црвен крст Охрид, со почитување на мерките за заштита од Ковид-19, на 2ри јануари 2022 година беа доделени сертификатите на единаесеттата генерација ученици кои успешно го завршија десеттото ниво, односно комплетната Бреинобреин програма.

- **7-от Интернационален БОБ натпревар**

Одлични резултати на охридските бреинобреин генијалци на 7-от Интернационален Бреионобреин натпревар кој на онлајн платформа се одржа на 29 јануари 2022 година. Во конкуренција од 23 илјади учесници од 72 земји, учениците од Центарот за развивање животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид освоија 8 трофеи, 14 златни медали и 33 сребрени медали. И овој пат, интернационално мерливите резултати покажаа и потврдија дека нашите бреинобреин генијалци се меѓу најдобрите во светот. А успехот се должи на посветеноста, вложениот труд и упорната работа на децата, на несебичната и професионална посветеност на тренерите и на поддршката од родителите за што изразуваме голема благодарност. Поттикнати од овој успех продолжуваме со имплементација на Бреинобреин програмата фокусирани на подобрување на излезните развојни резултати кај децата и градење поттикнувачки амбиент за учење преку градење мотивација и позитивен пристап кон учењето кој им помага на децата да развијат вештини, знаења, компетенции, самодоверба и чувство на социјална одговорност.

- **Доделување награди од Интернационалниот БОБ натпревар**

Вкупно 56 награди, од кои 8 трофеи, 14 златни медалји и 33 сребрени медалји е билансот на освоени награди на охридските бреинобреин генијалци на 7-от Интернационален Бреионобреин натпревар кој на онлајн платформа се одржа на 29 јануари 2022 година. На пригодна свечаност во х. Амбасадор, во присуство на родителите и Градоначалникот на Охрид, на 56 учесници на Интернационалниот Бреинобреин натпревар, кои ја следат Бреинобреин програмата во Центарот за развивање животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, им беа доделени освоените награди.
Особена благодарност изразуваме до менаџерскиот тим на х. Амбасадор за помошта во реализација на овој настан

- **БОБ сертификати**

Нови пет генерации на ученици успешно ја завршија комплетната Бреинобреин програма во Центарот за развивање на животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид. За таа прилика, на 19 април 2022 година, на пригодна свеченост, во присуство на родителите, покрај стекнатите меѓународно признаени сертификати за завршени 10 нивоа на интернационалната Бреинобреин програма, традиционално, на децата од страна на тренерите им беа доделени соодветни таблоа.

- **БОБ претходни генерации**

За да го поминеме патот на успехот, често треба да бараме инспирација. Таа може да се пронајде на многу места. Леонид, Елена, Михаела и Давид инспирацијата ја побараа и пронајдоа во програмата Бреинобреин (БОБ) во Центарот за развивање животни вештини Бреионобреин при Црвен крст Охрид и зачекорија по патот на успехот на петгодишна возраст.Патот што го минуваа низ програмата беше макотрпен и бараше многу вложување. Но на целта стигнуваат само најупорните. Десетте нивоа од БОБ програмата ги завршија како четврта генерација. Овие четири млади луѓе не застанаа тука. Продолжија несебично да го даваат најдоброто од себе, максимално да ги искористуваат можностите и се справуваат со предизвиците.
Како резултат на тоа, оваа година се најдоа на врвот.

- Леонид Тодороски – Прличевец – Првенец на генерација
- Елена Стојоска – Узуновец – Првенец на генерација
- Михаела Бабаче – Климентовец
- Давид Поповски – матурант на Музичкото средно училиште – Струга, класа пијано

Доколку и понатаму имате трпение, верувате во себе и ги правите вистинските работи посветено и упорно, верувајте дека успехот кој Ве очекува во иднина е неизбежен.

- **БОБ натпревар**

На 01.12.2022 година, на средбата со медиумите во Црвен крст Охрид беа презентирани наградите и наградените Бреинобреин генијалци од Центарот за развивање на животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид, кои учествуваа на овогодинешниот 8-ми по ред интернационален Бреинобреин натпревар одржан во Дубаи, ОАЕ, на 26.11.2022 г.
Во голема конкуренција на натпреварувачи од целиот свет охридските Бреинобреин генијалци освоија 2 трофеи, 3 златни и 1 сребрен медал. Упатуваме честитки на наградените и изразуваме благодарност до родителите, тренерите и помагателите на Црвен крст Охрид кои овозможија учество на овој светски БОБ натпревар.

**ПОЛЕТАРЧЕ**

Црвен крст Охрид за прв пат оваа година започна со нова Програма за подготовка на деца за во училиште. Програмата е наменета за деца од 5 и 6 годишна возраст кои сè уште не тргнале на училиште, без разлика дали посетуваат или посетувале претшколска установа (градинка).Целта на програмата е да се поттикне радост кон учењето и стекнување на нови знаења. Детето со радост да го очекува поаѓањето во училиште, во прво одделение, бидејќи успехот на училиште не зависи само од тоа колку знаење детето ќе донесе со себе, туку и од тоа колку ќе сака да стекне нови знаења.
Програмата за подготовка на деца за во училиште е осмислена на начин да дечињата преку игра, забава и дружење ја развиваат и јакнат самодовербата. Да стекнуваат вештини важни за успешно извршување на училишните задачи преку креативни вежби за броење, помнење и концентрација, вежби за размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот и речникот, јазична и математичка писменост, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на вниманието и друго. Вежбите се приспособени на возраста на детето и преку нив детето станува свесно за своите способности, се поддржува да не се откажува при правењето грешки и да има храброст да биде креативно.Планирани беа и најразлични теренски работилници на кои дечињата ќе го запознаат училишното опкружување и снаоѓање во сообраќајот.Родителите редовно добиваа информација за напредокот на своето дете и насоки за понатамошна индивидуална работа со детето. Програмата се спроведуваше во помали групи, во просториите на Црвен крст Охрид, под водство на високо професионални и стручни лица (педагог, психолог), со богато искуство во работа со деца. Програмата се реализираше во два термини и тоа од 18 до 29 јули и од 3 до 16 август. Секое дете доби сет на потребни материјали за работа.

- **Полетарче - летен циклус**

Успешно заврши реализацијата на ПОЛЕТАРЧЕ-Програмата за подготовка на деца за во училиште која во организација на Црвен крст Охрид се спроведуваше во два циклуса од по 10 дена, во јули и август, а ја посетуваа 11 деца од 4-6 годишна возраст, кои сè уште не тргнале на училиште.

Децата кои ја следеа програмата имаа единствена можност, преку игра, забава и дружење да ја развиваат и јакнат самодовербата, да стекнуваат вештини важни за успешно извршување на училиштните задачи преку креативни вежби за броење, помнење и концентрација, вежби за размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот и речникот, јазична и математичка писменост, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на вниманието и друго. Покрај овие задолжителни содржини, децата остварија и бројни општо корисни активности од забавно-едукативен карактер, кои ја поттикнуваа нивната социјализација, хуманост, снаоѓање и безбедно движење во надворешната средина и сообраќајот и друго. Стручните лица во авто школото СТАРС се погрижија да ги запознаат децата со опасностите и предизвиците во сообраќајот и начините за правилно и безбедно движење од и до училиште. Децата ја проследија и Приказната за една идеја која им ги долови почетоците на создавањето на најголемото хуманитарно движење во светот, движењето на Црвениот крст. Децата уживаа и во возењето по градските улици со комбето на Црвен крст Охрид, а забавата и дружењето беше зачинето со креативни друштвени игри. Изразуваме голема благодарност до Авто школо СТАРС за вклученоста во програмата ПОЛЕТАРЧЕ како и до вработените во Црвен крст Охрид за помошта во реализација на истата. Децата не го криеја задоволството и при посетата на пливачкиот базен во СРЦ Билјанини извори, на Центарот за спасување на планина и непристапни терени на Црвен крст Охрид при што непосредно можеа да се запознаат и едуцираат за пливачките спортови, за хуманоста и вештините на спасителите на планина и спасителите на вода. Сите активности во ПОЛЕТАРЧЕ беа креативно и професионално спакувани и имплементирани од страна на високо професионален тим на педагог, асистент, психолог кои на секој родител ги пренесоа впечатоците за напредокот на детето со давање насоки и препораки за понатамошна индивидуална работа со своето дете.На крајот, на децата кои ја посетуваа Програмата за подготовка на деца за во училиште-ПОЛЕТАРЧЕ им беа доделени соодветни сертификати.Изразуваме голема благодарност до родителите на децата кои ја следеа програмата ПОЛЕТАРЧЕ во Едукативниот центар на Општинска организација Охрид за укажаната доверба и поддршка. Благодарност до пливачката школа на ПК Акваспирит и Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид.

- **Полетарче – есенски циклус**

Успешно заврши реализацијата на есенскиот циклус на ПОЛЕТАРЧЕ-Програмата за подготовка на деца за во училиште во организација на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид. Ја посетуваа деца од 3-5 годишна возраст, кои сè уште не тргнале на училиште. На последниот час, од страна на тренерот на оваа програма, на 14 дечиња им беа поделени сертификати за следење на програмата Полетарче и новогодишни подароци.

**НЕГА ЦЕНТАР ОХРИД**

Со добивање на лиценца за провајдер на социјални услуги, во рамките на Црвен крст Охрид официјално со работа започна Нега Центар кој нуди социјални услуги помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот.

Нега центарот нуди:

- можност на нашите постари граѓани да живеат независно онаму каде што се чувствуваат најудобно – во своите домови
- Црвен крст Охрид е единствен провајдер на услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот на територија на Општина Охрид
- располагаме со професионални и сертифицирани негуватели кои нудат домашна помош и домашна нега, пред сè за постарите граѓани, но и за сите граѓани кои имаат потреба од ваков вид поддршка.

Основната цел на Нега центар – Охрид е да го подобри и одржува здравјето на корисникот во неговото семејно опкружување

**Обука за неговател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост**

Црвен крст Охрид е верификувана организација за спроведување на обуки за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во Охрид и Дебрца, согласно верификувана програма од страна на Центарот за образование на возрасните и Министерството за образование и наука.
Со цел развивање на услугите за долготрајна нега на стари лица и лица со попреченост од страна на квалификуван и професионален кадар, Црвен крст Охрид и во 2022 година организираше обука за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.На ден 21.02.2022 година започна третиот циклус од обуката за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.Обуката, која содржеше теоретски и практичен дел, траеше 3 месеци(февруари-април),а се реализираше во просториите на Црвен крст Охрид прилагодени и опремени со потребната опрема и помагала со почитување и примена на соодветните протоколи за заштита од Ковид-19. Обуката ја изведуваше наставен кадар-едукатори (доктор по медицина, медицинска сестра, социјален работник, дефектолог), пет дена во неделата, во попладневните часови. По успешно завршената обука 12 кандидати се стекнаа со соодветен меѓународно признат сертификат за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост
Со реализација на оваа обука и по успешно завршување на истата, кандидатите се стекнаа со сертификат за негувател/ка на стари лица и лица со попреченост во домот. Негувателите, исто така, имаат можност да бидат влучени во работењето на Нега центар при Црвен крст Охрид кој нуди социјални услуги за помош и нега во домот стари лица над 65 години, како и на лица со намален функционален капацитет и на лица со попреченост.

**Обука за лични асистенти за лица со попреченост**

Црвен крст Охрид во рамки на програмата „Лична асистенција на лица со попреченост" успешно ја спроведе првата обука за лични асистенти на лица со попреченост. Оваа обука која беше поддржана од Општина Охрид се спроведуваше септември-октомври и истата ја завршија 17 кандидати.Кандидатите кои успешно го положија финалниот испит се стекнаа со основни познавања за видовите на попреченост, видови помагала и нивна примена, помош на работно место, образовен процес и помош во заедницата на лица со попреченост како и помош на корисникот во домот и начинот на комуникација со лицата со попреченост.

**Ориентерска сесија со лични асистенти за лица со попреченост**

На ден 05.09.2022 година се одржа ориентерска сесија со ориентерот Весна Терзиоска на кандидатите кои ја завршија обуката за лични асистенти за лица со попреченост. Сите присутни се изјасниле дека сесијата им била интересна и корисна, дека се информирале за работи за кои не знаеле дека постојат и биле мотивирани да се вклучат во активностите на сесијата,како и во активностите на ООЦК. Црвен крст ја доживуваат како одлична организација која секогаш беспрекорно работи, како организација која е секогаш позитивна, ги обединува луѓето во хуманост, се грижи и е посебно надежна за младите.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Тесен беше просторот во предворјето на црквата Св.Софија да ги собере сите оние кои на 22 јуни дојдоа да „ВДИШАТ ТЕАТАР" и бидат дел од отворањето на Аматерскиот театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" кој во организација на Црвен крст Охрид по седми пат, како предвесник на охридското културно лето, се реализираше од 22-24 јуниво Охрид.
Спектакуларен беше и настапот на театарската група на Црвен крст Охрид која изведе музичко-поетски перформанс „ТРЕБА ДА БИДЕМЕ ПОДОБРИ" во режија на Емилија Блажеска, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц. Нашите млади и талентирани актери, преку стиховите на повеќе македонски поети: Ацо Шопов, Блаже Конески, Славко Јаневски, Анте Поповски, Гого Ивановски, Гане Тодоровски и Ива Дамјановски, на креативен начин ја претставија борбата на човекот со различни искушенија, тешкиот пат на човекот низ очајот и рамнодушноста, подемите и падови на човечката борба да излезе од лавиринтот на безнадежноста, но и надежта за подобро утре и подобри ние.
Втората вечер од театарскиот фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР", беше резервиран за проекција на филмот „НА ПРАВ ПАТ" во продукција на Црвен крст Ужице, која е закажана за 23.06.2022 во 18 ч., во Центарт за култура „Григор Прличев", а во 21 ч., на сцената во предворјето на црквата Св. Софија свој настап ќе има театарската група на Црвен крст Битола со претставата „УМРИ МАШКИ", а третата вечер на сцената во предворјето на црквата Св. Софија настапуваше

театарска група Пркос од Црвен крст Ужице со претставата "ЧУДО У ШАРГАНУ".Со беспрекорен, високо професионален настап на актерите од театарот „Инат" од Ужице, на сцената во предворјето на црквата Св.Софија, беа спуштени завесите на седмото издание на Меѓународниот аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" Преку претставата „ЧУДО У ШАРГАНУ", талентираните актери од Ужице на сликовит начин го прикажаа постојаното страдање на обичните луѓе и незаинтересираноста и неможноста да се рабудат од истото. Фестивалот го затвори Живко Поповски-Цветин, првиот претседател на Црвениот крст на самостојна Македонија, кој рецитираше стихови од Десанка Максимовиќ и Блаже Конески и како голем хуманист и уметник на сите актери и претставниците на Црвен крст им подари од своите уметнички слики.

И оваа година Меѓународниот аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" ги исполна очекувањата на организаторот Црвен крст Охрид, а ценејќи според големиот интерес, посетеноста и позитивните реакции и коментари на публиката, овој фестивал го најде и оправда своето место во охридскиот културен простор.

Кога на тоа ќе се додаде и можноста која волонтерите целосно ја иаскористија да креираат театарската игра и да ја афирмираат својата талентираност и сплотеност без јазични, или било какви други бариери, силните хумани пораки кои ги упатија преку театарските претстави, контактите и врските воспоставени со меѓусебното дружењето во овие три дена, со право „ВДИШИ ТЕАТАР" претставува препознатлив производ и во земјата и во странство, со кој Црвен крст Охрид се гордее.

Изразуваме искрена благодарност до учесниците на фестивалот, до публиката, до волонтерите и вработените во Црвен крст Охрид Охрид, до медиумите, до сите институции, фирми и поединци кои го овозможија, поддржаа и помогнаа одржувањето на седмото издание на театарскиот фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" 2022.

**ПРОЕКТ "Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица"**

Во периодот од ноември 2021 до јуни 2022 година се реализираше проектот "Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица" кој беше поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust – PONT и Critical Ecosystem Partnership Fund (CEPF).Главен апликант и носител на проектот беше Црвен крст Охрид во партнерство со Истражувачкото друштво "Урсус спелеос" и Здружението на граѓани Еко Логик.

Главна цел на проектот е зајакнување на капацитетите за едукација за заштита на природата со акцент на заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица, а тоа се постигна преку:

- Подготовка на 2 едукативни модули за заштита на пештери и лилјаци во Националниот парк Галичица, едниот наменет за едукација на деца од градинки, а другиот за едукација на деца од основни училишта
- Подготовка на 2 интерактивни игри за заштита на пештери и лилјаци, наменети за деца од градинки и ученици од основни училишта
- Спроведување на обука за едукатори за имплементација на едукативните модули
    - Од 15 до 17 април 2022, во Едукативниот тренинг центар Велестово на Црвен крст Охрид, се одржа тренинг за едукатори за заштита на пештери и лилјаци во Националниот парк Галичица. Учество во тренингот зедоа наставници, студенти и заштитници на природата од Црвен крст Охрид, НП Галичица, Еко Логик, Истражувачко Друштво "Урсус Спелеос", Еко-свест,Истражувачко друштво на студенти биолози-ИДСБ и Истражувачко здружение на студенти географи "Природник" - EGEA Skopje. Тренингот беше тематски насочен кон градење на капацитети и кон вмрежување за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица. Предавањата беа реализирани од страна на искусни предавачи и експерти од областа на карстологијата, биодиверзитетот, педагогијата и искуственото учење. За време на тренингот се презентираа модулите и игрите за едукација за заштита на пештери и лилјаци, наменти за деца од градинки и од основни училишта, а изработени во рамките на проектот „Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица". Исто така, реализирана беше и теренска посета на пештера.
- Едукативни работилници во градинките и основните училишта на територијата на општина Охрид
    - Во текот на месеците мај и јуни 2022 година, во основни училишта и градинки на територија на општина Охрид, како и градинка на територија на општина Ресен, од страна на обучени едукатори беа реализирани едукативни работилници, 9 во Охрид и 1 во Ресен, преку кои се тестираа подготвените едукативни модули од страна на Истражувачкото друштво „Урсус спелеос", како и интерактивни игри подготвени од страна на Еко Логик за заштита на пештери и лилјаци. Со

работилниците беа опфатени вкупно 297 деца на возраст од градинка и 151 дете на возраст од основно училиште.

- Подготовка и дистрибуција на флаери за пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица
    - Подготвен беше едукативен флаер и беше отпечатен во 3000 примероци. Флаерите беа дистрибуирани до образовни институции и други организации од Општина Охрид и пошироко во регионот.
- Подготовка и дистрибуција на постери за пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица
    - Изработени беа два едукативни постери, еден наменет за деца од градинка, а другиот за деца од основни училишта. Постерите беа отпечатени во вкупно 300 примероци и беа дистрибуирани до образовни установи од Општина Охрид и други организации и институции од регионот.
- Спроведување на теренска посета во пештера во Националниот парк Галичица
    - На 25.06.2022 година, во организација на Црвен крст Охрид, Истражувачко друштво Урсус спелеос и Планинската спасителна служба при Општинска организација Охрид, беше реализирана теренска посета на пештерата Самотска Дупка. Посетата беше наменета за претставници од партнерските организации, обучените едукатори во рамките на проектот, како и избор на деца на возраст од основно училиште. Со помош на теренски возила се пристигна до пештерата Самотска Дупка, а едукативната посета ја реализираа стручни лица од областа на спелеологијата, при што учесниците се запознаа со вредноста и значењето на пештерата и биодиверзитетот во неа. Едукативната посета беше искористена и за посета на други значајни локации во Националниот парк од областа на биолошката разновидност. По завршување на посетата, беше организирана проекција на 2 филма поврзани со пештерите, „Спеленаут“ и Сонот за Арио - Потрагата по најдлабоката пештера во Европа, во соработка со Ехо Филмски фестивал. Настанот се реализираше во Оперативниот центар на Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид. Во активностите учествуваа 35 учесници. Сите активности беа спроведени со поддршка од Националниот парк Галичица.
- Спроведување на работилници за споделување искуства и вмрежување, како и развивање едукативна иницијатива за заштита на пештери и лилјаци во Националниот парк Галичица
    - Во оваа работилница учество зедоа претставници на проектните партнери, на ЈУ Национален парк Галичица, на Еко свест и на едукаторите обучени во рамки на овој проект. Развиената едукативна иницијатива беше наменета за ЈУ Национален парк Галичица.
- Набавка на 10 спелеолошки заштитни шлемови и 10 челни ламби наменети за едукативни посети на пештери.
- Ефективен проектен менаџмент и соработка помеѓу проектните партнери (покрај континуирана комуникација и координација помеѓу партнерските организации, одржани беа и почетна работилница, мониторинг посети и завршна работилница).
- Потпишување меморандуми за соработка помеѓу проектните партнери и ЈУ Национален парк Галичица.

**ПРОЕКТ“Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени”**

Проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ го спроведува Црвен крст Охрид во партнерство со Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје. Овој проект е поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT); договорот со PONT беше потпишан на ден 15.08.2022 година, по успешното завршување на проектот „Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица”.

Имплементацијата на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ започна на 1 септември 2022 година и ќе трае до септември 2025 година. Проектот се реализира со цел зајакнување на капацитетите на Националниот парк Галичица и подигнување на свеста на на локалното население за адаптација кон климатски промени и заштита на загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми. За да се оствари оваа цел, ќе се преземат низа научни, едукативни и активности за јакнење на капацитети за заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица.

Специфични цели на проектот се:

- Менаџментот на Националниот парк Галичица е информиран со научни докази за ефекетите на климатските промени врз пештерските екосистеми и загрозените видови.
- Локалното население разбира како климатските промени влијаат врз пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица и како да се адаптира кон промените.
- Негативните ефекти на климатските промени се ефективно управувани за да се заштити загрозениот биодиверзитет во Националниот парк Галичица.
- Ефективно управување со проектот и ефективна соработка помеѓу партнерите.

Предвидено е проектните цели да се постигнат преку остварување на следниве резултати:

- Резултат 1: Планот за управување со Националниот парк Галичица е ажуриран во однос на ефектите на климатските промени врз пештерските екосистеми и врз загрозените видови
- Резултат 2: Постои капацитет за намалување на и за адаптација кон ефектите на климатските промени врз биолошката разновидност на паркот
- Резултат 3: Поставени се алатки и програми за едукација на ученици од основни училишта, поврзани со влијанието на климатските промени врз ендемични видови растенија и животни во Националниот парк Галичица, вклучувајќи ги и пештерските екосистеми и пештерската фауна
- Резултат 4: Мрежа од основни училишта и невладини организации од охридско-преспанскиот регион овозможува едукација за приспособување кон климатските промени
- Резултат 5: Ученици во основните училишта во охридско-преспанскиот регион ја разбираат потребата од адаптирање кон климатските промени за да се заштитат пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови и информирање на општата популација за потребата од заштита на Националниот парк Галичица
- Резултат 6: Црвен крст Охрид и Национален парк Галичица остваруваат ефективна соработка за гаснење шумски пожари, логистичка поддршка, спасување и прва помош при гаснење шумски пожари во Националниот парк Галичица

Активности коишто ќе се реализираат во рамките на проектот:

- Научни истражувања на пештерите Самотска Дупка и Лескоечка пештера и инвентаризација на сите пештери во НП Галичица
- Подготовка на видео материјали, флаери и научни публикации за промоција на подземните карстни форми во НП Галичица
- Научни истражувања за загрозениот биодиверзитет во НП Галичица, подготовка на флаери, видео материјали и научни публикации (опремување на лабораторија во НП Галичица)
- Подготовка на мерки за заштита на загрозениот биодиверзитет во НП Галичица
- Студиска посета за проектниот тим и претставници од НП Галичица на заштитеното подрачје Шкоцјанске Јаме во Словенија за размена на искуства и позитивни практики
- Подготовка на едукативен модул и друштвена игра наменета за деца од основно училиште за промоција и заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во НП Галичица
- Подготовка на едукативен модул и друштвена игра наменета за деца од основно училиште за адаптација кон влијанијата на климатските промени и влијанието врз пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во НП Галичица
- Подготовка на видео материјали за превенција од влијанието на климатските промени и влијанието врз пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во НП Галичица за намалување на ризици од природни катастрофи предизвикани од климатските промени
- Подготовка и опремување на 3 едукативни катчиња за едукација за заштита на животната средина, во НП Галичица (Централна зграда и канцеларија Стење) и Општинска организација Охрид (Велестово)

- Формирање на едуактивна мрежа преку реализација на консултативен процес, работилници, состаноци и тренинг за едукатори (претставници од мрежата) за реализација на едукативните модули подготвени во рамките на проектот
- Реализација на 50 едукативни еднодневни работилници со деца од основно училиште
- Реализација на тематски еднодневни екскурзии во едукативните катчиња и НП Галичица
- Реализација на тродневен тренинг за прва помош и спасување во случај на шумски пожари во НП Галичица
- Реализација на тродневен тренинг за гаснење на шумски пожари во НП Галичица
- Набавка на опрема за гаснење на шумски пожари и опремување на простор и за складирање и одржување на истата
- Подготовка на план за подготвеност за шумски пожари и тестирање преку реализација на симулациска вежба со сите засегнати страни
- Реализација на почетна и финална работилница, мониторинг состаноци и административни активности

**ПРОЕКТ „Заедно – активни и солидарни“**

Проектот „Заедно – активни и солидарни“се реализираше во периодот одфевруари до октомври со поддршка на Општина Охрид за 2022 година.Целна група на проектот „Заедно – активни и солидарни“ беа институционално незгрижени лица на возраст од и над 65 години коишто живеат на територијата на Општина Охрид (и во градот и во руралните средини).

„Заедно – активни и солидарни“ се имплементираше со следниве цели:

Општа цел: Да придонесе кон подобрување на квалитетот на живеење на старите лица од Општина Охрид.

Посебни цели:

1. Унапредување и одржување на услуги за поддршка на ранливи стари лица од Општина Охрид.
2. Унапредување на знаењето на локалната заедница за концептот на активно стареење.

Проектните цели беа постигнати преку остварување на следниве резултати:

1. Мобилен тим за поддршка на ранливи лица беше активен на територијата на Општина Охрид во текот на деветте месеци од имплементацијата на проектот.
2. Обезбедена беше хуманитарна помош во прехранбени продукти и средства за хигиена за 50 домаќинства на стари лица во социјален ризик и таа помош беше дистрибуирана до домовите на корисниците во текот на Неделата на грижа за стари лица (14 – 20 ноември).
3. Понудата на активности коишто Црвен крст Охрид ги организира за постарото население беше збогатена со работилница за грижа за личното ментално здравје.
4. Понудата на активности коишто Црвен крст Охрид ги организира за членовите на локалната заедница беше збогатена со работилница за концептот активно стареење.
5. Набавени беа 100 платнени торби и врз нив беше отпечатена порака за солидарност; овие торби беа дистрибуирани до граѓани на Општина Охрид.

Во рамките на проектот „Заедно – активни и солидарни“ реализирани беа следниве активности:

- Во текот на деветте месеци од имплементацијата на проектот, активен беше мобилен тим составен од волонтери на Црвен крст Охрид со искуство во работењето со ранливи лица и од вработени во стручната служба на Црвен крст Охрид. Секоја среда, овој тим им беше достапен на стари лица коишто имаа потреба од асистенција при набавка на прехранбени продукти, средства за хигиена и лекови; при тоа, корисниците на оваа услуга го надоместуваа трошокот за набавените производи, а услугата за достава од страна на тимот беше бесплатна. Покрај асистирање при вршење набавки, мобилниот тим за поддршка на стари лица, на барање на корисници на услугата, подигнуваше извештаи од медицински лаборатории и ги доставуваше до домовите на корисниците и вршеше транспорт на постари лица до медицински установи. Понатаму, овој тим вршеше проценка на потребите на постојни и потенцијални корисници на услугите на Црвен крст Охрид, предлагаше нови корисници и предлагаше начини на унапредување на постојните и воведување нови услуги наменети

за постарата популација. Исто така, овој тим учествуваше и во дистрибуцијата на хуманитарната помош обезбедена во рамките на овој проект.

- Подготвена беше работилница насловена „Концептот активно стареење“ со идеја, преку унапредување на знаењата на локалната заедница за активното стареење (особено знаењата на општествено активни лица), да се поттикне интересот за оваа тема, да се поттикне преточувањето на концептот во практика и да се даде придонес кон поттикнувањето на меѓугенерациската солидарност. Оваа работилница беше одржана со 4 различни групи учесници на следниве датуми: 30.05.2022, 04.10.2022 (месец октомври беше избран бидејќи на 1 октомври се одбележува Меѓународниот ден на старите лица), 20.10.2022 (месец октомври беше избран бидејќи на 1 октомври традиционално се одбележува Меѓународниот ден на старите лица) и 23.11.2022 (месец ноември беше избран бидејќи Неделата на грижа за старите лица традиционално се одбележува во текот на третата недела од ноември). Во овие работилници, учество зедоа волонтери на Црвен крст Охрид, членови на Здружението на пензионери, членови на Сојузот на борци и други заинтересирани граѓани. Вкупниот број на учесници во работилниците посветени на концептот активно стареење изнесува 85.
- Подготвена беше работилница за грижа за личното ментално здравје, наменета за постари граѓани од Општина Охрид. Оваа работилница беше замислена како можност учесниците да стекнат знаење коешто ќе им помогне да ја унапредат грижата за нивното ментално здравје, како и да го подобрат разбирањето на можните искуства на нивните сограѓани (особено имајќи ги предвид последиците од пандемијата на КОВИД-19, како и фактот што менталното здравје не е тема на којашто се дискутира доволно и отворено). Работилницата за грижа за личното ментално здравје беше одржана со четири различни групи учесници, и тоа на следниве датуми: 30.05.2022, 04.10.2022 (месец октомври беше избран бидејќи на 1 октомври се одбележува Меѓународниот ден на старите лица, а на 10 октомври се одбележува Светскиот ден на менталното здравје), 20.10.2022 (месец октомври беше избран бидејќи на 1 октомври традиционално се одбележува Меѓународниот ден на старите лица, а на 10 октомври се одбележува Светскиот ден на менталното здравје) и 23.11.2022 (месец ноември беше избран бидејќи Неделата на грижа за старите лица традиционално се одбележува во текот на третата недела од ноември). Во овие работилници, учество зедоа волонтери на Црвен крст Охрид, членови на Здружението на пензионери, членови на Сојузот на борци и други заинтересирани граѓани. Вкупниот број на учесници во работилниците за грижа за личното ментално здравје изнесува 85.
- Во месец ноември, обезбедени беа 50 хуманитарни пакети со прехранбени продукти и со средства за хигиена, наменети за домаќинства на социјално загрозени стари лица. Потоа, во текот на Неделата на грижа за старите лица, којашто годинава се одбележуваше од 14 до 20 ноември, хуманитарната помош беше дистрибуирана до домовите на корисниците од страна на мобилен тим на Црвен крст Охрид.
- На почетокот на имплементацијатана проектот, набавени беа сто платнени торби и врз нив беше отпечатена порака за солидарност (илустрација и текст). Потоа, во текот на спроведувањето на проектните активности, Црвен крст Охрид ги дистрибуираше овие торби до граѓани од Општина Охрид.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2022 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Реализација на заедничка активност со делегација на Црвен крст Ужице заАматерски театарски фестивал „Вдиши Театар“
- Учество на млади на Меѓународниот младински камп на покана на Црвен крст Суботица од 15.08 до 21.08.2022 година
- Тематска студиска посета во Словенија -Во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, во периодот од 7 до 11 октомври 2022, беше реализирана тематска студиска посета во Словенија, и тоа на следните организации/институции: Регионален парк Шкоцјанске јаме – подрачје под заштита на УНЕСКО; Спелеолошката спасителна служба на Словенија – спасителен центар во Крањ, Црвен крст Копер, како и помали заштитени подрачја помеѓу Трст (Италија) и Копер и Сежана (Словенија).Во студиската посета учествуваа 8 претставници на Црвен крст Охрид, Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“, Јавната установа Национален парк Галичица и Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид.Целта на студиската посета беше да се разменат искуства, да се воспостави соработка, како и да се стекнат знаења за добри практики од областа на:
    - Истражување, скицирање, мониторинг и заштита на пештерски екосистеми
    - Воспоставување на систем на еколошка едукација за заштита на пештерски екосистеми и адаптација кон климатските промени
    - Спасување на планина, спасување во пештери, работа со спасителни кучиња
    - Адаптација кон климатските промени, превенција и дејствување при шумски пожари
    - Проектно и програмско работење и управување на посетените организации/институции.

Посетата се искористи и за вмрежување помеѓу организациите и институции со цел поголема соработка, заштита на животната средина, како и можно идно заедничко аплицирање за проекти и истражувања.

- Тренинг за тренери за eCBHFA одржан во Сараево од 5 до 9 декември 2022 година - Тренингот за тренери за evidence-based community-based health and first aid (eCBHFA) беше организиран од страна на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина (IFRC), односно од страна на Делегацијата на IFRC за кластерот држави од Централна и Југоисточна Европа. Тренингот одржа од 5 до 9 декември 2022 година, во Сараево, Босна и Херцеговина. Учество во оваа обука зедоа волонтери и вработени од националните друштва на Северна Македонија, Албанија, Црна Гора, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Учесниците беа сместени во хотел „Холивуд“ во Сараево, каде што и се одржуваа наставните сесии. Тренингот го реализираа мастер тренерите Elham Elkafafy и Ibrahem Al-Ajlouni од IFRC-MENA и тренерот Игор Јокановиќ од Црвен крст на Црна Гора. Од РСМ, учество во тренингот за тренери за eCBHFA во Сараево зедоа Катерина Наумоска, вработена како координатор на проект во Црвен крст Охрид, и Марија Стојкова, волонтер во Црвен крст Карпош.Учесничките од РСМ позитивно го оценија тренингот за тренери за eCBHFA и своите искуства во текот на петте дена во Сараево. Исто така, учесничките од РСМ изразуваат подготвеност активно да се вклучат во имплементирање на eCBHFA од страна на ЦКРСМ.

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Северна Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои се предвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2022 година, Службата забарање на Црвен крст Охрид имаше еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразувамеголемаблагодарностдо сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2022 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.